## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по 104-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Влатко Серафимов, Никола Рилкоски, Гоце Марковски, Лазар Китановски, Илинка Митрева, Марјан Додовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог за донесување на закон за Катастер на недвижности, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по предлогот за донесување на законот.

Предлогот на пратеникот Јани Макрадули, предлогот на законот да се претресе како нацрт на закон го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме јас би молел службите да избројат да видат дали има доволен број пратеници во салата.

Констатирам дека во салата има доболен број пратеници и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно колку што гласале 53, за гласале 10, воздржан 1, против 42.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Јани Макрадули не е усвоен.

Продолжуваме со претресот.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

Се извинувам господине Герамитчиоски, во меѓувреме за процедурално се јавила госпоѓа Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Се јаувам процедурално за да укажам дека еве оваа работа што ја гласавме сега, како и онаа што беше во претходниот закон дали Комисија да заседава или да не заседава по одредени прашања, тоа се прашања кои што треба да се расчистат пред да се впуштиме во расправање по законските проекти, а не откако расправата ќе почне.

Мислам дека треба да престанеме да се служиме со трикови, кога ќе нема кворум да пристапуваме и да предлагаме вакви работи кои што се знае кога се предлагаат.

Зарди тоа предлагам координаторите и претседателот на Собранието при првата средба ова прашање да го расчистат, за да не ни се случува тоа во иднина. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Дулиќ.

За процедурално се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе.

Мојата процедурална забелешка е до вас. Ова немаше никаква врска со процедура и повреда на Деловникот, ниту укажување.

Предлогот на СДСМ што го дадов јас е согласно Деловникот со кој што работиме. Трагично и жално е што претседателот на Законодавно-правна комисија не го познава Деловникот. Кворум во понеделникот не направи ВМРО-ДПМНЕ и затоа нека не си ја бара вината на друго место, нека се прочита Деловникот, а од вас барам да се работи според Деловникот и ако некој има процедурална забелешка нека каже по кој член и потоа да работиме.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

Продолжуваме со работа.

Господин Тале Герамитчиоски има збор, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници,

Сосема накратко ќе се обидам за неколку минути да дадам неколку забелешки кои што се разбира не сум експерт од оваа област, преку реакција на граѓани, трговски поединци кои вршат премер и пресметка, направија соодветна реакција во институционална и вонинституционална форма со забелешки на овој закон.

Мислам дека Катастарот кој што треба со својата работа да биде регулиран на поефикасен и подобар начин преку имплементација на овие нови законски решенија е од исклучително значење за функционирањето на ова општество односно штитење на интересите на граѓаните.

Само за потсетување, огромен број на проблеми кои што се јавуваат во имотно правните односи и се предмет на тужби, се последица на неефикасно и неажурно работење на катастрите по општините. Евидентни се примерите секој дневно и преку судските инстанци може да се види колкав е бројот на случаи за нерешени имотно правни односи во кои што вадењето на поседовниот лист како документ во кој што е потребно едно лице да докаже своите права на имотот односно објектите, секогаш плива во одредени лавиринти. Значи, во последно време пред една година, овој проблем доста се актуелизира, со оглед на тоа што особено на територијата на град Скопје беше прав подвиг да се извади имотен лист од еден граѓанин пред да помине еден рок од најмалку 3 до 4 месеци да биде ставен во соодветна процедура. Се надевам дека со ажурирањето на административниот апарат во поглед на работењето на Катастарот ова нешто се изменило, но не е на одмет да се каже каде беа главните кочници во делог на остварување на имотно правните односи на граѓаните.

Јас би сакал да посочам и еден друг проблем кој што државата го имала и верувам уште го има. Вие знаете дека Република Македонија е еден од главните проекти што ги презеде со имплементација почнувајќи од 2005 година е процесот на децентрализација. Во процесот на децентрализација во првата фаза беше потребно само со зглемените ингеренции на општините во делот на образованието, да бидат превземени огромен број на објекти од образовната инфраструтура односно мрежата на основни и средни училишта, кои постои во Република Македонија и да бидат доделени на тие 84 општини. Ние го започнавме тој процес, сегашната Влада го продолжи и верувам дека е успешен, бидејќи се премина во втората фаза на децентрализацијата. Навистина, малку подоцна од предвидениот рок, но се започна.

Проблемот со кој што општините се соочуваат од остварување на имотно правните односи во делог на вадење на имотните листови за училиштата или земјиштето на кое што се училиштата како објекти лоцирани, во некои општини навистина е проблематичен и непремослив. Јас не велам дека проблемите се само од субјективна природа, тие се и од објективна природа, со оглед на тоа што во неколку наврати Република Македонија поминувала низ неколку политички системи. Имало постапки на денационализација после 1945 година, пишување, непишување во регистарот, трансферирање на земјиштето односно на објектите од приватна сопственост на Република Македонија, не пишување во регистарот, не ажурирање на податоците, но факт е дека голем дел од општините не можеа да извадат се уште имотен лист на објектите кои се лоцирани, значи сопственичките права и односни не се до крај дефинирани се уште, иако објектите се на Република Македонија.

Понатаму, кај Катастарот се забележани соодветни неправилности во делот на трансферирање на објектите кои што поминале низ стачајна постапка. Најчесто се стопански објекти кои што биле превземани од приватни лица, имотот бил дефиниран од еден сопственик кој што бил стопански субјект, правно лице во правниот промет регистриран престанела неговите права бидејќи преминал во стечај, бил преземен од друго правно лице со приватна сопственост, со премостување на еден јаз преку Република Македонија.

Јас тоа и преку пратеничко прашање го поставив. Станува збор за еден објект кој што е лоциран во Прилеп и на необјаснив начин се трансферирал три пати преносот преку катастарскиот лист од сопственост на Пролукс - Прилеп, па потоа на Република Македонија  и на крај да премине во сопственост на друго правно лице. Тие односи катастарот ќе мора како чувар пред се на државниот интерес да ги регулира и преку овој закон. Јас тука во законот не гледам инструмент како можат да се спречат тие злоупотреби, или да се направи соодветен линк, бидејќи Министерството за правда е надлежно за овој закон, како извршителите ќе можат како посебни субјекти да вршат соодветни активности од своја надлежност, во случаи кога вакви реални проблеми се јавуваат и како Катастарот ќе помогне во тие дела.

Зошто сето ова го зборувам? Неколку пати се правени обиди преку соодветни законски измени Катастарот да одговори ефикасно на потребите на граѓаните. Бидејќи овие проблеми ги посочив се уште постојат, очигледно е дека не се успеало преку законодавната форма да се зголеми ефикасноста на Катастарот.

Последниот обид, да цитирам, не знам напамет, од 2006 година измените "се заклучи дека вршењето на премер на недвижностите и геодетските работи за посебни намени од значење на Република Македонија да ги вршат трговци поединци или трговски друштва во приватна сопственост кои преку соодветно удружување во комора (всушност подкомора, а во комора за градежниците), се конституира, ќе ги вршат овие дејства". Наеднаш овој закон во членот 8 тие права им се одземени. Или да бидам поедноставен во искажувањето, голем дел на работниците, геодети кои работеа во катастрите излегоа и си основаа свои трговски друштва за премер и пресметка, значи на вршење на работи од областа на премерот и пресметката се здружија во комора, еве и политички ако тоа нешто е значајно, претседател на таа Комора е од ВМРО-ДПМНЕ, но не е ни толку битно тоа. Претседателот на таа Комора беше присутен на Комисијата за транспорт и преку соодветни амандмани се обиде да интервенира, но министерот за правда не даде дециден одговор. Зошто еднаш државата се решила да и даде соодветен статус и права во вршење на премер на недвижоностите на приватни лица кои што добиле лиценца согласно со постоечкиот закон и се компетентни и стручни да го вршат тој премер, а сега со членот 8 во ставо 1 алинеа 3 и 6  се додадени тие надлежности на Агенцијата, а им се одземаат од нив. Се плашам дека на тој начин секогаш кога државните институции на овој законодавен дом ќе му дадат предлог на измена на закон за одземање на веќе дадени права на поединци на цели трговски друштва кои претходно ги стимулирала државата на приватна иницијативност, тогаш ќе се нарушува вербата во политичкиот систем на Република Македонија или постојано ќе се гради една недоверба кон институциите на системот и ќе се обесхрабруваат да поведат приватна иницијативност.

Значи, моето прашање е до Министерството за правда, дали имате преглед колкав број на луѓе ќе останат без работа кога ќе стапи во сила овој закон, а претходно направиле приватни трговски друштва, добиле лиценца како трговци поединци за вршење премер и пресметка, за премер на недвижносите и дали на овој начин стануваат изиграни од страна на државата. Еднаш биле стимулирани да излезат од катастарот, а имаше

неколку пати од страна на државата ова беше еден начин на доброволно рационализирање на државни институции, ослободување на вишок на работници, при тоа да не бидат оштетени и да имаат право во областа со соодветни надлежности да си ја вршат дејноста, а исто времено стручноста и компетентноста да остане на соодветно ниво.

Тоа беше мојата главна забелешка, се надевам дека ќе добијам одговор зошто Министерството за правда се решило преку членот 8 да ги вметне алинеите 3 и 6, вршење на премер на недвижности и 6, вршење на геодетски работи за посебни намени од значење за Република Македонија утврдени од Владата на Република Македонија и со овие измени, всушност, се укинува стекнатото право на субјектите и им се одзема правото кое го имаа со досегашниот закон. Агенцијата се става во привилегирана положба со давање можност да врши премер и посебни геодетски работи од значење на државата.

Како последица на ова ќе се случи драстично намалување на работите кои во иднина ќе ги извршува овие овластени субјекти во кои се вработени најголем дел на лица кои веќе го прекинаа работниот однос со Државниот завод за геодетски работи и отпочнаа приватна дејност. Се надевам дека ќе добијам одговор на ова прашање. Благодарам.

**Благој Зашов:** Има збор заменик министерот. Имаме молба господине заменик минситер, бидејки има технички проблем во тој ред, да излезете на говорница, ако можете од овде да кажете, односно да дадете одговор.

Ги молиме службите да извршат поправка на системот.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе, не бија оценил како реплика, меѓутоа ќе се обидам накратко во делот на поставеното прашање, она што почитуваниот пратеник Герамитчиоски тврдеше дека голем дел од моментално вработените во Кататар, ќе останат без работа, сакам да напоменам дека од страна на пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов, веќе има поднесено амандман во оваа насока.

Сакам да кажам дека во членот 8 став 1, алинеја 6 од Предлогот на законот, јасно е дефинирана надележноста на Агенцијата во делот кој се однесува на геодетските работи за посебни намени, од посебно значење за Република Македонија, утврдено од Валдата на Република Македонија. Сите други геодетски работи за посебни намени, кои се од влијание за одржување на Катастарот на недвижности, не се во надлежност на Агенцијата, тукусогласно со член 73 став 3 од Предлогот на законот, извршуваат трговци поедници, овластени геодети и трговските држуштва за геодетски работи. Значи, не ја гледам потребата и позицијата на тврдењето дека голем дел, како што слушнавме од говорницата, дека ќе останат без работа. Тие само ќе се префрлат во делот на надлежностите, односно во делокругот на вршењето на работите. Во секој случај на амандманската расправа, ќе се одтвори поширока дискусуија токму, покрај другите барања, односно амандмани во овој дел. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине заменик министер.

Бидејки господинот заменик минситер не кажа, дали е реплика или говор, одговараше на прашањето што беше поставено .

Господине Герамитчиоски ако имате потреба и три минути би можеле да ви дадеме. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, јас ен реков дке аголемд ел на вработентие во Катастарот ќе останат без работа. Трговци поеднци и трговски друштва приватни, кои што претходно како држава ги стимулиравме да отворат своја приватна дејност, им оставивме простор пред се, на вршење на премер на недвижностите, а не вториот дел. За вториот дел имам разбирање дека геодетските работи за посебни намени од значење за Република Македонија , утврдени од Владата на Република Македонија би сакале да ги води Агенцијата. Но вршење на премер на недвижностите беше основна дејност на трговците поединци, на трговските друштва приватни. За нив јас посочив. Ќе останат тие без работа, а овие другите активности дефинирани во членот 73, сепак се со помал обем, во однос на оној обем на работи, кој што можат да ги вршат сопремерот на недвижностите, каде што им е основна дејнсот. Основното нешто им го земате во членот 8, во алинеја 3 и се става во надлежност на Агенцијата. Јас ја пренесувам нивната загриженост и нивниот револт. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Да прашам дали госпоѓа Катерина Димеска е за реплика на господинот Герамитчиоски. Значи, јас би ви дал сега за реплика, а притоа, да не го изгубите местото за збор.

Повелете госпоѓо Димевска.

Поради технички причини околу системот за говорење, давам пауза од 15 минути.

Ве молам, немојте да се разотидете, ќе продолжиме после 15 минути.

(По паузата)

**Благој Зашов:** Господа пратеници продолжуваме со работа.

За реплика се јави госпоѓа Катерина Димевска, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници, значи, јас имам реплика во однос на дискусијата на мојот почитуван колега Герамитчиоски во делот каде што зборуваше дека со Предлогот на законот, всушност ќе бидат одземени одредени права на овластени геодети и трговски друштва, што во

целост не се согласувам со вака произнесеното мислење од една единствена причина, затоа што во главата 6, точно се дефинирани ингеренциите на трговците поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Имено, ценам дека во ставот 1 од членот 73, јасно, децидно и недовсмислено е кажано дека теренските геодетски работи кои се однесуваат на основните геодетски работи и премерот ги вршат трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, под услови и начин определени со овој закон, како јавни овластувања.

Она што беше кажано дека ќе бидат одземени нивните ингеренции, понатаму во ставот 4 на истиот член е кажано дека работите ќе ги вршат на цеалта територија на Република Македонија. Би сакала да потенцирам и една друга работа, која што е уредена со овој закон. Значи, согласно со предвидениот Предлог на закон овластените геодети се здружуваат, со закон значи се обврзани да се здужат во Комора, која што Комора обезбедува самостојност и подобра организација, а до сега начинот на кој што функционираа здужените геодети, всушност се однесуваше на овластени геодетски работници, кои што беа уредени со Законот за градење од 2005 година. Имено, се работеше за следното: на овластени архитекти и инжењери, постоеа еден вид две одделенија, одделение на овластени архитекти и инжињери и одделение на инжињери геодети, што всушност, она второто за што ние се интересираме, одделенија за инжињери по геодезија, до сега со Законот од 2005 година не профункционира. Имено, овластувањата сеуште ги вршеше Државниот завод за катастар. Сега во Законот се предвидува Комората да издава јавни овластувања на постапката за стекнување, во исто време и постапка за одземање на тие јавни овластувања.

Значи, со самото тоа што ќе бидат здружени во Комора, што самите меѓу себе ќе имаат можност да си бидат коректори на своето работење, да издаваат овластувања и да одземаат овластувања, се обезбедува самостојност во работењето на овластените геодети. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Димевска.

На вашата реплика, своја реплика има господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Ајде да го прочитаме став 1 од член 73. Теренските геодетски работи кои се однесуваат на основните геодетски работи и премерот го вршат трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи, под услови и на начин определени со овој закон, како јавни овластувања. Ова е како јавно овластување? Мене ми објаснуваа усмено дека Агенцијата ќе ги делегира дел од своите надлежности кои што се дефинирани во членот 8 став 3, во кој што се дефинира децидно. Надлежност на Агенцијата е вршење на премер на недвижностите. Правно, ова не е така дефинирано како што треба. Тогаш нека напишеле дека дел од овластувањата што се однесуваат на теренските геодетски работи ќе се делегираат на трговци поединци или трговски друштва. Вака вршење на премер на недвижностите, не мора да се даде на работа на приватните трговски друштва, бидејки овде во членот 73, кој што ми го дефинирате, определни со овој закон. Определени со овој закон, Агенцијата дава и одзема.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретсеадтеле.

И на Законодавно-правна комисија кога беше ставена како точка на разгледување овој закон, јас дадов свои сугестии и забелешки, затоа што сметав дека иако овој закон се донесува во две фази, подоцна поднесов и дел амандмани, но сметам дека со амандманите битно многу нема многу да измениме во овој закон и затоа пред Комисијата побарав да се произнесеме, овој закон да оди во две фази, а не вака во една како што е сега предложен, затоа што имаме сериозни забелешки на истиот и затоа што ништо нема да се случи ако почека овој закон, ако одлежи уште триесетина дена и да ги видиме реакциите, критиките, мислењата и сугестиите на сите заинтересирани страни за овој закон, за да можеме навистина да донесеме еден закон кој што ќе ни гарантира, она што сакаме да го постигнеме со овој закон, а тоа е пред се, запишување на правата на недвижности, онака како што треба и после да може да се привлечат странски инвестиции во државата. Но, овој мој предлог ни на Комисија ни на пленарната седницата на почетокот не беше прифатен и нормално е дека она што можевме да реагираме со амандмани реагираме но концептот всушност, не можете да го смените со амандмани, туку може со амандман само да поправите нешто што може да се поправи. Ние поднесовме амандмани. Очекуваме дека, бидјеки гледаме дека си тече расправата, претставникот на предлагачот нема намера да го повлече Предлогот на законот, да остане само во фаза на Предлог за донесување на закон и очекувам дека ќе размислат до крајот на дебатата по амандманската расправа, дел од амандманите да бидат прифатени, со што барем нешто ќе можеме да го подобриме текстот на законот.

Искрено да ви кажам, општ мој впечаток дека вака како што е текстот на законот, јас не очекувам дека навистина нешто многу ќе постигнеме, дека нешто многу ќе ја забрзаме постапката на востановување на Катастар на недвижности, затоа што или дека нешто многу ќе биде потранспарентна постапката, а ќе кажам зошто подоцна. Затоа што сметам дека ваквиот

начин кој што го нудат решенијата од овој закон за запишување на правата на недвижностите, мислам дека ќе создаде цела збрка во јавните книги, во катастарските книги и наместо навистина да имаме побраз постапка и побрзо востановување на Катастарот, мој впечаток и очекувам и тоа сигурно ќе се покаже многу брзо кога ќе влезе вопрактична примена законот, ние скоро секоја второ запишување, или секоја втора постапка, овде всушност и нема постапка, секое второ запишување ќе биде проследено сос удски спор. Тоа не смеевме да го дозволиме со овој закон, ако се има предвид дека од друга страна, спроведувајќи ги реформите во судството кажавме што е можно повеќе со останатите закони да ги намалуваме судските предмети, или онаму каде што не треба навистина да нема судски предмети да нема. Но овој закон јас очекувам дека навистина, ќе создаде огромна работа на управните судови. Не знам кој би бил задолжен, затоа што овде Катастарот не гледам во која постапка ќе го врши запишувањето и нема постапка. Очекувам дека тоа ќе биде во управна постапка и ако е во управна постапка, тогаш секако, надлежен би бил за постапките по овие закони, судските постапки Управниот суд.

Бидејќи голем број од моите забелешки ги искажав на Комисија, и се содржани во Извештајот, јас не сакам да ја обременувам дебатата со повторување на сите мои забелешки. Јас би сакала само начелно суштинските работи уште еднаш да ги потенцирам и да кажам зошто, јас сметав дека овој закон треба да се донесе во две фази и зоштојас сметам дека треба да го подобриме текстот.

Прво ќе почна од органот кој што ќе е надлежен за востановување, или за вршење на геодетски работи и сите оние наделжности, кои што се сега во надлежност на Државниот завод за геодетски работи. Согласно Законот за органите на Државна управ, кој што е системски Закон, затоа што се донесува со двотретинско мнозинство, Државниот завод за геодетски работи, претставуваше самостоен орган на Државната управа, кој што е во состав на Министерството за правда, но како посебен самостоен орган. Значи така пишува, така е позициониран Државниот завод за геодетски работи. Значи, во закон кој што се донесува со двотретиснко мнозинство.

Сега, без да го измениме овој Закон за органите на државната управа, ние носиме закон сокој што статусот на органот, кој што ќе ја врши оваа надлежност по Законот за Катастар, веќе формираме, значи, Државниот завод за геодетски работи ќе се трансформира во Агенција.

Според мене, Државниот завод за геодетски работи веќе ја губи позицијата која што ја имаше и сега нивото му е многу пониско, затоа што сега Агенцијата ја формираме со закон кој што се донесува со просто мнозинство, а до сега Државниот завод за геодетски работи бил составен дел, или бил уреден, неговата положба и статус се регулирал со Закон, кој што се донесува во Собранието, заради неговото значење со двотретинско мнозинство.

Мене не ми е јасно зошто се прави ова, зошто ако сакаме да ја зајакнеме позицијата на Катастарот, или на органот кој што ќе ја врши оваа работа, ако сакаме навистина да ги постигнеме целите, зошто сега ние му даваме понизок статус на досегашниот орган со овој нов закон и зошто напоредно не одиме со измени на Законот за организација и работа на органите на Државната управа, затоа што сметам, ако државата веќе се одлучила да го тргне од овој закон Државниот завод за геодетски работи, требало тоа да го направи напоредно во исто врем со измена на Законот за организација и работа на органите на Државната управа и воисто време да се донесе овој нов закон со кој што ќе кажеме дека ние статусот или положбата, или позиционирањето на овој орган е веќе на нешто многу пониско ниво, отколку што бил. Сега поставувам прашање зошто го правиме ова? Зошто од Државниот завод којшто е утврден со Закон кој што се донесува со двотретинско мнозинство, сега правиме, трансформираме Државн завод во Агенција, кој се донесува со просто мнозинство и што ќе постигнеме со ваквата трансформација. Многу сум заинтересирана да ми одговорат претставниците, што ќе се постигне со ваквата нова организација на Државниот завод, дали само нешто да менуваме колку да менуваме, или навистина нешто ќе се постигне, како што велиме во образложението дека институционалната позиционираност на Државниот завод за геодетски работи не кореспондира со потребата од создавање на услови за ефикасно давање на услугите кон граѓаните и другите корисници. Сега што ќе промени новата организациона форма. Уште еднаш поставувам прашање зошто не оди напоредно овој закон со промена на Законот за организација на органите на Државна управа. И поставувам повторно прашање, бидјеки предлагач на овој закон е Министерството за правда. Не дека и ние во претходниот состав не сме го правеле, да не ме сфатите дека сум тенденциозна, но воовој состав, постојано нешто формираме, нови и нови агенции, постојано вршиме упад во Законот за организација и работа на органите на Државната управа и сакам претставникот на предлагачот да се преиспита, има ли Република Македонија потреба од ваков закон, дали веќе тој закон каков што е, навистина одговара на реалната состојба, или верувајте, со секој нов закон кој што го донесуваме, правименова агенција, некое ново тело, нов завод, нова управа, и постојано и постојано вршиме удар врз системскиот закон.

Моите колеги доста зборуваа за надлежностите на Агенцијата и јас мислам дека членот 8 кој што ги регулира надлежностите, сокој што се утврдени надлежностите на Агенцијата не доволно јасно регулира што е надлежност на Агенцијата, а што надлежност на овластените геодези, или правните лица, кои што приватните правни лица, што ќе се занимаваат и се

занимаваат со оваа работа, да не дојде ситуација, при една ваква дефинирана состојба на надлежности да може повторно и Агенцијата да си ги врши сите работи кои што до сега ги вршеле овластените геодези иправните лица и повторно како примерот на Агенцијата и Државниот завод што гокажав, да се постави прашање имаше ли потреба од либерализација во овој дел, до каде ќе одиме со либерализацијата и дали нависитна Агенцијата ќе се занимава само со оние работи на кои што навистина, според закон не е дозволено, или не можат да ги вршат приватните правни лица и овластените геодези.

Ако веќе се одлучивме за Агенција, ништо не ни останува Државниот завод да го трансформираме од Државен завод во Агенција. Јас уште еднаш остро на ова решение се спротивставувам, но ако веќе сме се одлучиле на ваква организација, бидејки ние не можеме ништо да смениме, малцинство сме, може само да укажуваме. Јас би проговорила нешто за органите на управување на Агенцијата. Тоа е членот 9. Во органите на управување, во Управниот одбор, членови ќе бидат претставници на Министерството за правда по еден член, на Министерството за транспрот и врски, на Министерството за финансии, на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Структурата, јасно ми е зошто е ваква поставена, затоа што сите овеи министерства имаат свои надлежности во овој дел.  Но за мене, бидејки понатаму целиот Катастар, или територијата на Република Македонија е поделена на катастарски општини и т.н., катастарски региони, зошто, ако сме се определиле за една ваква структура на Управниот одбор на Агенцијата немаме еден претставник од Заедниците на единицата на локалната самоуправа, затоа што имаат интерес општините да имаат свој претставник во Управниот одбор, затоа што и општината има дел од надлежностите во оваа област. Затоа што и општината ќе сака да креира политика на Агенцијата за катастар на недвижности. Она што предизвикува посебна дилема кај мене е што во членот 9,немаме јасно прецизирано, дали овие членови на Управниот одбор, кој што се на предлог на одредените министерства кои што претходно ги нагласив, ги кажав, дали овие членови ќе бидат вработени во Министерството, дали овие членови ќе бидат и надвор од Министерството, само по предлог на Министерството, на односното министерство и како ќе ја вршат функцијата членовите на овој Управен одбор.

Мислам дека треба да се уреди овој член со тоа што според мене ако навистина треба на предлог на Министерството за правда или Минисатерството за транспорт и врски да бидат предложени, тогаш треба да бидат вработени во овие министерства кои работат на оваа проблематика заради структурата која што ја има оваа Агенција заради познавање на работите, бидејќи може да се случи министерот за правда да си предложи еден член на предлог на министерот кој што нема врска ниту со министерот за правда, кој што нема врска можеби ниту со правото, кој што можеби нема врска ниту некаква допирна врска со Катастарот и недвижностите. Затоа треба јасно тука да се доуреди оваа работа, за да не се случи после при практичната примена да имаме проблеми.

Нема да ги искажувам забелешките на условите да се биде именуван за член  на управниот одбор, но ќе го кажам следното, односно ќе поставам прашање: Зошто се определил предлагачот мандатот на членот на управниот одбор да трае пет години, зошто оној кој го номинира членот на управниот одбор и оној кој што го избира членот на управниот одбор, значи има помал мандат или мандатот на членот на управниот одбор го надживува мандатот на оној кој што го номинира и оној кој што го избира. Во таа насока имам и поднесено амандман, јас сметам дека членовите на управноит одбор треба да имаат мандат од 4 години. Другите забелешки се содржани во извештајот и нема да ги повторувам.

Понатаму ќе реагирам и денес на седница што во законот, во решението на членот 13 кој се однесува на условите што треба да ги исполнува лицето кое треба да биде именувано за директор на Агенцијата. Имајќи ја предвид природата на работа, според мене, имам поднесено и таков амандман кој што очекувам претставникот на предлагачот да го прифати, сметам дека за директор на Агенцијата за катастар треба да биде избрано лице кое има завршено високо образование од областа на правните науки, значи од областа на правото и од областа на геодезијата. Јас мислам дека вака како што е срочено решението, а тоа го кажав и на Комисијата, утре може да се случи и ликовен уметник да се пријави и да ги исполнува условите и да биде избран за директор на Агенцијата. Замислете што би работел тој човек во Агенцијата, инаку, ги исполнува условите. Затоа треба да се прецизира какво високо образование или од која област на високо образование треба да има оформено образование кандидатот за директор.

Исто така, и тука реагирам на мандатот на директорот. Не знам зошто повторно предлагачот се определил за мандат на директорот на Агенцијата од 5 години. Истите аргументи кои ги кажав за членовите на управниот одбор, да не се повторувам, важат и за директор на Агенцијата и барам амандманот кој се однесува на овој член да биде прифатен, затоа што сметам дека не може да го надминува или да го надживува мандатот директорот или Агенцијата на оној го анимира или избира.

Околу надлежностите на директорот на Агенцијата и на Комората имаме преклопување или судир на надлежности. Во членот 15 каде што таксативно се уредени надлежностите и е

наброено кои работи ги врши директорот, една од надлежностите е дека издава или одзема лиценци за вршење на геодетските работи, за да подоцна, не знам точно во кој член се кажа, ама не е важно, го знае членот предлагачот, поназад имаме еден член кој е спротивен на овој член каде што вели дека Комората ги издава и одзема лиценците за вршење геодетски работи. Овие два члена се во колизија или спротивност еден со друг и тука треба да се испрпави ова решение.

Околу вработените, како и за Агенцијата, до сега вработените во Државниот завод за геодетски работи имаа статус на државни службеници. Сега мене не ми е јасно кои се аргументите и зошто предлагачот се определил вработените во Агенцијата, а досега Државниот завод за геодетски работи, да немаат статус на државни службеници, иако постојано повторно како што кажав и за Државниот завод со секој нов закон, Закон за Управа за јавни приходи, закон за не знам кој, постојано вадиме вработени или во Законот за државни службеници постојано ја намалуваме неговата опфатност со овие органи, тогаш повторно се поставува прашање имаме ли потреба пак од Закон за државни службеници, бидејќи утре ќе донесеме закон за парламент па ќе ги извадиме тие државни службеници што се во Собрание, или закон за Влада па ќе ги извадиме. Не знам зошто го правиме ова, што ќе постигнеме сега со ова вакво решение да се извадат службениците од Катастарот од важење на Законот за државни службеници и дали предлагачот сметал или смета дека полесно ќе може да се вадат од работа врз основа на политичка припадност вработените во Катастарот. Мислам дека треба да си важи за вработените во Катастарот Законот за државни службеници.

Во однос на решението за престанок на работен однос на вработен, бидејќи според овие решенија за вработените важи Законот за работните односи и членот 26 регулира престанок на работен однос, навистина поради конфликт на интереси, но решението од членот 26 став 2 е следно: против решението за престанок на работен однос од став 1 на овој член вработениот има право на тужба до надлежен суд. И ако важи Законот за работни односи за вработените, согласно одредбите од Законот за работни односи, во постапките за престанок на работен однос имаме секогаш двостепеност на постапката, што значи дека по првостепеното решение кое што го донесува првостепениот орган, а овде во случајот директорот, мора да се даде право на приговор на вработениот до Агенцијата, значи да има двостепеност, за да може после овој вработен кој што има престанок на работен однос врз основа на претходниот став, да може да си поведе тужба, дури тогаш, пред надлежен суд. Вака решението кое што е предложено е спротивно на Законот за работни односи и мислам дека ваквото решение нема да ја издржи оценката на Уставниот суд.

Сега нема да зборувам за се, би кажала малку само за оние работи кои се посуштински. По стариот закон за премер, катастар и запишување право на недвижност имаше упатна одредба, постапките на запишување на правата на недвижности да се водат по Законот за општа управна постапка. Овде немаме постапка и навистина не знам врз основа на која постапка ќе работат, ќе запишуваат вработените во Државниот завод, сега во Агенцијата. Немаме никаква постапка, туку предлагачот се определил дека ќе донесува обична потврда, со потврда ќе се востановува право, ќе се запишува право на сопственост на недвижност. Ниту за мене ниту за било кој правник на територијата на Република Македонија ваков начин на постапување е недопуштен, мора во некаква постапка да се врши востановувањето на Катастарот на недвижности, а таа постапка мора да биде управна постапка и таа постапка секогаш треба да заврши со решение, со конечен акт а не со потврда - потврда е потврдување само на одредени факти - врз основа на кое решение ќе може подоцна заинтересираната странка да го побива решението пред надлежен суд. Вака немаме всушност постапка во овој закон.

Понатаму, Катастарот на системското запишување, поединечно и сите останати три видови на запишување, со исклучок на конверзијата, до сега го правеа или го вршеше Комисија во Државниот завод за геодетски работи, на која што претседател на комисија секогаш, бидејќи ова е правна работа, затоа што секогаш запишувањето се врши врз основа на правен основ, а правен основ е или решение за наследување или договор за доживотна издршка или судска пресуда или нотарски акт, меѓу останатите правни основи, значи бидејќи ова е правна работа секогаш на чело на таа Комисија претседател беше дипломиран правник со положен правосуден испит. Овде нема трага од комисија, значи го напуштаме тој систем, но ајде еве да не ја оптовaруваме работата, можеби до сега во практичната примена се покажала недоволна ефикасна и немаме комисија, не гледам. Мислам дека запишувањето овде сега треба да го врши дипломиран правник и излагањето на правата, особено излагањето од правата на недвижности да го врши дипломиран правник. Не знам зошто без сослушување се одлучил предлагачот да се востановува Катастарот во претходните ставови без сослушување на странката. Јас знам дека без сослушување на странка се одлучил сигурно заради ефикасност на постапките, но често пати може да имаме погрешни запишувања кои ќе предизвикаат многу судски спорови во практичната примена. Повторно јас ќе кажам дека не може запишување на права од недвижности во Катастарот да се врши со потврда, мора да ги смениме сите овие членови кои се однесуваат на оваа работа и запишувањето и во иднина да се врши врз основа на решение.

Она што сега сакам да го кажам се однесува на јавното излагање. Јавно излагање да се врши само врз основа на јавен оглас, со повик на јавен оглас е во ред во урбаните средини и без покана, затоа што имаме пристапни средства за информации, имаме интернет, телевизии, дневни печатени медиуми, огласни табли онаму каде што живееме, но како ќе се информираат луѓето кои живеат во рурални средини, а и таму имаме недвижности кои треба да се запишуваат врз основа на овој закон. Затоа и во овој закон мора да си остане поканата како механизам за повикување на лицата кои треба да се јават на излагање, на запишување на податоците. Во спротивно, доколку нема покана, доколку нема да се јават лицата, ќе се запишува правото врз основа на постојните податоци и тоа ќе предизвика многу брисовни тужби, така се викаат тие тужби после запишувањето на правото на сопственост врз основа на податоци и што повторно ќе го оптовари судот со непотребни предмети и повторно нема да ја постигнеме бараната или саканата ефикасност, затоа што после судските спорови се многу покомплицирани и подолготрајни, а секако, пред се, се многу скапи за странките, затоа што тешко ќе може некоја странка за некоја нивичка која што е шеста, седма категорија и се запишала така врз основа на податоците, после ќе треба судските трошоци кои ќе произлезат за утврдување на право на сопственост да бидат можеби поскапи од недвижноста која што ќе биде предмет на судскиот спор.

На крајот, јас мислам дека мора да имаме двостепеност во запишувањето и во востановување и одржување на Катастарот, затоа што ако немаме двостепеност на постапката, тогаш сите оние незадоволни кои не можат да ја исправат грешката во управната постапка, ќе ја бараат својата правда на суд. Значи мора да поставиме двостепеност која ќе ни биде еден филтер, една брана на налет на голем број на судски предмети и оптоварување на судовите со непотребни предмети.

Ова се отприлика поважните забелешки на овој закон. Мислам дека веќе сме длабоко навлезени во дебата, мислам дека претставникот на предлагачот не прифаќа донесување во две фази на овој закон, барем очеккувам дел од амандманите со кои сакаме навистина поефикасен закон да направиме и поефикасно запишување на правата на недвижности да бидат прифатени, а потоа кога законот ќе влезе во практична примена ќе си ги покаже своите добри страни, но секако ќе ги покаже и своите празнини и своите лоши страни. Дај Боже да сум грешка за овие слабости кои ги кажав, да не се рефлектираат негативно при практичната примена, но не верувам. Набрзо ќе видиме дека навистина сме погрешиле избирајќи го ваквиот концепт на законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Иванова за вашата исцрпна дискусија.

За збор се јави заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

И благодарам на почитуваната пратеничка Иванова за исцрпното излагање во врска со овој Предлог на закон. Ќе се обидам накратко да дадам одговор на поставените прашања. Претпоставувам дека добар дел од амандманите се предложени токму од таа пратеничка, така што во текот на расправата по амандманите ќе се отвори поширока дискусија.

На самиот почеток сакам да извршам само една корекција во делот на тврдењето дека Државниот завод за геодетски работи е орган во состав на Министерството за правда. Сакам да кажам дека Државниот завод за геодетски работи согласно Законот за организација на работата на органите на државната управа е управна организација која не е, ниту пак некогаш била орган во состав на Министерството за правда.

Околу делот на прашањето зошто се одлучивме во делот  на предлагањето тоа да биде Агенција, Агенцијата по пример на напредните катастри како што е во Литванија или Холандија. Новата поставеност пред се сметаме дека ќе овозможи заземање поактивен став во задоволувањето на потребите на корисниците, односно на граѓаните, поголема слобода на управување за возврат на поголема ефикасност и давањето подобри услуги, агенција како организација ориентирана кон клиентите исто така.

На крајот, Агенцијата ќе го подобри квалитетот на услугите и ќе работи на развивање на нови производи и услуги, за задоволување на потребите на странките и за зголемување на профитабилноста.

Ова, всушност се начелно смо некои делови што сметавме зошто треба да биде Агенција. А, што се однесува и на делот на коментарот зошто се одземаат работниците од Агенцијата да немаат статус на државни службеници, согласно Законот за државни службеници, туку им даваме некој друг статус на катастарски службеници, на последната пленарна седница, претпоставувам можеби не била присутна пратеничката Иванова, јас говорев на исто такво поставено прашање од пратеникот Бучковски, сосема на кратко тогаш кажав дека постапката, согласно Законот за државни службеници во поглед на примањето и отпуштањето, навистина подолгорочно и пообемна, што сметаме дека со одделувањето на овој дел, со добивање на статус на катастарски работиници, мислам дека, како да кажам, би се поедноставила таа постапка во делот на целата таа постапка на засновање и престанок на работниот однос.

Што се однесува до останатите поставени прашања од страна на пратеничката, на самиот почеток кажав дека добар дел се и дел на амандмани што се предложени од нејзина страна и дека ќе имаме поширока дискусија во делот на амандманската расправа.

Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Василевски.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Му благодарам на заменикот министер. Воедно се извинувам ако сум кажала дека во Државниот завод за геодетски работи е во состав на Министерството. Тоа е лапсус што ми се провлекол. Добро знам дека е тоа самостоен орган на државна управа и тој е како посебна управна организација.

Но, прашањето ми беше, што ќе биде сега поефикасно ако овој орган, на кого статусот до сега му е уреден со двотретински закон, сега му го намалуваме статусот во Агенција или со Закон што се донесува со просто мнозинство и кои се механизмите кои укажуваат на тоа дека Агенцијата ќе била многу поефикасна од Државниот завод за геодетски работи? Со што ќе ми потврдите дека Агенцијата, како организациона форма ќе биде многу поефикасна од Државниот завод за геодетски работи? Што има сега Агенцијата, што нема Државниот завод, па мора Држаниот завод сега да го трансформираме во Агенција, за да се постигнела поголема ефикасност?

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Продолжуваме со господин Оливер Спасовски.

Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам многу краток и конструктивен во однос на моите забелешки или дилеми кои ги имам во однос на овој закон, иако дел од нив се совпаѓаат со забелешките што ги дадоа моите колеги од СДС.

На почетокот сакам да кажам дека овој Закон е исклучително важен, не заради тоа што има знаменце на Европската унија на него, туку едноставно заради материјата што со него се регулира, како и за тоа што значи огромно значење во однос на граѓаните на Република Македонија, бидејќи во секојдневната комуникација скоро секој граѓанин е токму со Катастарот и ќе бидат применети одредби на еден ваков закон.

Токму од тие причини мислам дека многу внимателно треба да пристапиме и предлагачот на овој закон, Владата, меѓутоа посебно ние во законодавниов дом, при носење на еден ваков закон, што е тоа што ќе се подобри во функционирањето на оваа установа, што е тоа што ќе им олесни на граѓаните на Република Македонија во водење на една постпка пред Катастерот, заради тоа што може да се собираат многубројни проблеми и недостатоци во функционирањето на оваа функција и токму тука ќе можеме да видиме колку функционира или нефункционира Република Македонија во делот на применувањето на ваквите одредби.

Токму затоа сметам дека несериозно е од страна на Владата да излезе со Предлог на закон пред Собранието на Република Македонија, со вакви одредби на Законот и при тоа да ни упати писма со кое што укажува дека не е во прашање ниту сложен ниту обемен закон и се предлага Собранието на Република Македонија да го донесе на иста седница, во една фаза, по скратена постапка впрочем, како и постојано, посебно во овој мандатен период се носат законите.

Ако една скратена постапка е исклучок од некое правило во кое што работиме ние во Собранието на Република Македонија, ако ги погледнеме статитстичките податоци од почетокот на овој мандатен период, ќе видите дека многу мал број на закони можат да се избројат на прсти кои што биле донесени во редовна постпка. Се по скратена постапка, се без дополнителни објаснувања, некако набрзина да поминеме преку одредени законски решенија и потоа да се каже дури дека не станува збор за еден обемен, ниту сложен закон и дека може да се расправа на иста седница. Мислам дека тоа мора да се корегира и од тој аспект очекував дека после изнесените аргуменит што беа и во собраниските тела па и на пленарната седница денеска, и пред некое време кога го разгледувавме овој закон, ќе беше доволен аргумент да претставникот на Владата се согласи да овој закон оди во две фази.

Заради тоа што би било многу лошо денеска да расправаме и носиме закон, а за кратко време да утврдиме дека не сме биле во право за некои законски одредби кои се донесени или, наместо да ја упростиме постапката, напротив ќе придонесеме за нејзино усложнуваме или ќе продуцираме многубројни судски постапки, итн, за се разади тоа што не сме нашле можност, не сме собрале сили да овој закон оди во една редовна постапка. Мислам дека ништо повеќе време нема да се изгуби од тоа што можеме ние самите да го средиме, да го договориме, навистина во една нормална постапка, во која што ќе може да се слушне мислењето и на засегнатите луѓе со овој закон на стручната и научната јавност и овде во Собранието да го направиме. Не знам зошто постојано се инсистира да ги носиме законите во една ваква постапка, а при тоа да слушнеме дека после нефункционирање на одредени законски решенија укинување на одлуки пред Уставниот суд, ги слушаме министрите како изјавуваат, па на Парламент овој закон е изгласан тогаш и тогаш, па јас немам никаква одговорност и никаква вина.

Тоа би било така, да, но доколку ние овде во Собранието, без да укажеме на одредени слабости, гласаме законски решенија, е тоа, за жал, го прави парламентарното мнозинство без да се размисли за позицијата што ја има законодавниот дом во Република Македонија. се она што ќе се ипрати од страна на Владата на Република Македонија дури и најзначајниот законски проект, ако тие напишат дека овој закон

не е ниту сложен, ниту обемен, ние ќе го разгледаме и ќе го донесеме без никаков проблем. Потоа, целата вина ќе си ја препишеме самите на себе заради нефункционирање на одредени одредби.

Еве, на почетокот, по однос на преименувањето, што е направено од Државен завод во Агенција не се остварува основната причина што е наведена за донесувањето на овој закон.

Ако ова усогласување, ако е ова некакво усогласување со европското законодавство или ако ова го правиме со цел да го смениме називот на Државниот завод во Агенција од икс причини тоа требаше да се каже. Меѓутоа, никако не е за подобрување на работата или ефикасноста на работата на Државниот завод за премер и катастар, или Државната управа како беше сега, во Агенција за катастар.

Тој аргумент, во делот на преименувањето на оваа Агенција апсолутно не е добар аргумент, не е аргумент со кој можеме да кажеме дека правиме орган што би бил со поголем дигнитет или поголема тежина, заради тоа што се спомнаа претходно дека се гласаше Закон со двотретинско мнозинство, а сега тоа го утврдуваме со обично мнозинство, не можеме да го споредиме со другите агенции во Република Македонија како позначајна, заради тоа што ако го споредиме со Агенцијата за државни службеници ова што ние го нудите како Агенција е нешто различно. Зборувам по статусот и по тежината што ја има. Единствено нешто заради кое што многу повеќе јас би го ценел е ако вие кажете дека е тоа само за да го смениме називот, да не се именува како Државен завод, туку да биде Агеницијa.

Навистина треба добро да се размисли за членот 8, каде се надлежностие, да се допрецизира во однос на овластените геодети, трговски друштва и поединци, за да не останат недоречени работите, за да не може да се толкуваат одредбите различно секому како ќе му текне и да не направиме после тоа да имаме, наместо добра употреба на овој закон, да имаме злоупотреба, токму на овој член. Заради тоа што веднаш ќе се соочиме со блокада на овој сегмент од работењето, веднаш ќе имаме негодување од страната што ќе биде засегната и ќе бидете принудени повторно како Влада да носите законски проект пред Собранието по итна постапка заради тоа што нешто нема да функционира. Тогаш почитува ни претставници на Владата ќе носите одговорност заради тоа што не сакавте да послушат тоа што ви се говореше во Собранието, дека имате одредени пропусти што треба да ги исправите.

Ако го гледам текстот на законот пред се во ограните на Агеницијата, единствено нешто што укажува на тоа дека оваа Агенција би сакале да ја направиме да биде поефикасна, понезависна, колку може да биде понезависна од одредени влијаниа е тоа дека мандатот на директорот и на членовите на управниот одбор и на заменик директор сте ставиле да биде пет години и да зафаќа во два мандатни периоди, ништо друго. И токму заради тоа, мислам дека намерата треба да биде сосема поинаква, па да градиме институции да имаме желба да бидат поефикасни, да бидат со поголем демократски капацитет, да има помало влијание во овие институции што од сите други одредби тоа не може да се види и мислам дека, ако е така, тогаш и мандатот треба да биде 4 години како на сите други органи на управа или агенции или не знам што, кои се формирани во Република Македонија и на директорот и на заменикот и на членовите на управниот одбор.

Зошто не ја гледам смислата, зошто членовите на управниот одбор да црпат една година повеќе мандат или да го надживеат органот што ги избрал. Навистина не станува збор за една таква независна институција.

Исто така, изборот на членовите на управниот одбор, избрани се член од Министерството, мислам дека и несреќно е срочен текстот на овој член во кој што се избираат по еден член од Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и Министерството за земјоделие.

Во членовите каде што се обезбедуваат финансиски средства, еден од обезбедувачите на финансиски средства е и локалната самоуправа. Тие се тесно поврзани, соработуваат со работата, меѓутоа, не е ставено да имаме и претставник од единиците на локалната самоуправа. Токму заради тоа треба да се размисли управниот одбор да се зголеми од 5 на 7 членови, за да можеме да внесеме и еден член од Заедницата на единиците на локалната самоуправа, заради тоа што ако од некого барате да превземе дел од обврските за финансирање на оваа Агеницијa или дел од Буџетот да го полни од нив, тогаш мислам дека имаат право да учествуваат и во нивната работа.

При именувањето и разрешувањето на членовите на управниот одбор има една алинеа, која што, секогаш власта, било која да е, сака да стави како еден од основите да може да разреши некого. Меѓутоа овде имаме две такви алинеи.

Мислам дека во ставот 4, алинеата 6 треба да се избрише, затоа што сето тоа што е наведено дека дејствува спротивно на основните цели на законот, а тоа може да се утврди од извештајот на Ревизорот, до степен на потценување на законски надлежности, може да потпадне и подпаѓа под нестручно, несовесно, непрофесионално однесување и извршување на функцијата претседател и член на управниот одбор. Непотребно е да го обременуваме овој закон со уште некоја алинеа, не заради тоа што има, дека ќе направиме една нова можност во која што ќе кажеме дека ќе имаме услови за да можеме да разрешиме некој член на управнот одбор.

Понатаму, апсолутно треба да се прецизира, ако тргнуваме од начелото дека сакаме да направиме навистина ефикасен орган, орган што професионално добро ќе ја извршува оваа работа и ќе биде во функција на граѓаните, тогаш прецизирајте што е тоа што може да биде, која е таа струка која може да биде директор кој ќе управува со оваа Агенција. Веројатно, во сите партиски комбинаторики што ги имате ќе може да се најде било кој, од било која струка, од било кој коалиционене партнер, за да може успешно да управува со овој орган. Да не се доведеме во ситуација да ставиме луѓе кои што, не по сопствена желба, туку по нечија наредба ќе се најдат на едно такво место, ќе работат веројатно по налог на некого, а не според тоа што го познаваат во оваа област, ништо чудно да се најде некој лекар, гениколог, уметник кој нема воопшто да биде виновен за тоа што му се случува и да ни се повтори периодот од 1998 - 2000 година, кога се направија катастрофални грешки во запишувањето на имотите, пред се на партиските фирми итн.

Мислам дека измина времето на луѓе кои во катастерот треба да бидат многу блиски до премиерот и дека треба да послушаат се што ќе им се каже и да запишат било кој имот и по било кој основ. Тоа не е една од причините заради која се носи овој закон. И нема да се оствари ништо од заложбите дека сакаме да направиме ефикасна Агенција или ефикасен орган во кој што граѓаните ќе почуствуваат дека многу подобро ги остваруваат своите права.

Ако ја гледам оваа одредба и уште неколку други одредби во овој закон, се укажува на тоа дека се прави закон со кој што ќе се овозможи на владеачката елита на Република Македонија да си остварува некои сопствени права, а не на граѓаните. Апсолутно нема никаква одредба врз основа на која тоа ќе го направиме. А, ќе ви кажам и други одредби што укажуваат на ваквото мое стравување.

Во делот на вработените во Агенцијата за катастар на недвижности, имав некоја дилема зошто тоа се прави да имаме катастарски службеници.

Мислам, после одговорот што вие почитуван заменик министер, го дадовте претходниот пат, веќе немам дилема, сигурен сум зошто тоа го правите како Влада.

Ако земеме предвид дека имаме Закон за државни службеници врз основа на кој се гарантира професионалноста, стручноста, компетентноста и независноста на државните службеници во Република Македонија , јасно ми е дека не можете да манипулирате со нив како што сакате вие, од политички причини и во министерствата, во органите на Државна управа да ги менувате како што ги менувавте во еден период, од портир па се до најголемото скалило. Има луѓе кој ги штити овој Закон, ги штити таа Агенција за државни службеници и впрочемна тоа ви укажував многу пати досега. Ако го земете Министерството за одбрана, сите решенија до сега ви ги укина Агенцијата за државни службеници. Ако земете било кои министерства каде направивте незаконски пометувања во делот на администрацијата, тогаш, според таа логика и според она што мсилите вие дека е исправно да правите со администрацијата, да ја партизирате до крај, е исправно и добро сте го избрале овој модел, сега полека но сигурно ги одделувате дел од државните службеници да не можат да бидат во судот, туку ќе правиме судска администрација. Зошто? Заради тоа ќе била поефикасна судската администрација, а тие немаат хартија, немаат лепак сокој ќе работат, а вие ќе правите ефикасност со тоа што нема да бидат државни службеници и од денес ќе направиме судски службеници.

Сега се носи закон со кој, ајде од Катастарот ќе ги извадиме од државни службеници и ќе направиме судски службеници. Ако постојано така носиеме законски решенија, ќе остане една мала група на вработени во администрацијата која ќе ги штити овој Закон за државни службеници и повторно ќе кажеме односно ќе се констатира, не мора ние тоа да го направиме, ќе го констатира некој кој од надвор не набљудува, дека ништо не правиме во делот на професионализација на државната администрација, туку создаваме можности како дополнително да ја партизираме и како дополнително да покажеме дека принцип за работа во Република Македонија е депрофесионализацијата и принцип за напредување во службата нема да биде она што го имате одработено, туку ќе биде припадност на одредена политичка опција и т.н. Тоа ни се случува прво овде во Собранието, ни се случува една таква депрофесионализација каде се носеа решенија за државни службеници спротивно на сите одредби, па кога се виде дека е спротивнона некои акти во Собранието, набрзина се сменија одредбите и се кажа дека може да биде со секое образование и сега имаме највисок степен на државни службеници кои раководат со законодавството, а немаат врска со таа работа. Во тој дел мислам дека апсолутно намерите на Валдата да направат поефикасна заштита на државните службеници, нема да вроди со плод заради тоа што ако самиот работник не почувствува дека само со чесна работа во сопствената струка, со достигнувањата кои ги има во долгогодишното работење, пред се во Катастарот, ќе може да напредува, ако не е припадник на било која политичка партија во Република Македонија туку врз основа на резултатите тогаш ќе имате и желба и мотив за работа, ќе има и ентузијазам овој орган навистина да се направи таков како што треба и од тука ќе произлезе задоволството на граѓаните на Република Македонија.

Втората работа во делот на вработените, што се однесува на престанокот на работниот однос. Навистина мора да иам двостепеност на таа постапка, да не може да носи директорот

решенија за престанок на работниот однос и веднаш сите случаи да ги упатуваме на суд, заради тоа штоне ни е тенденцијата да ги зголемуваме судските случаи во Република Македонија, а тоа постојано го правиме. Со низа закони кои ги носиме во Собранието, постојано се создава можност да правиме што е можно повеќе судски случаи, а не да ги разрешуваме на други инстанци кои се предвидени со овој закон.

Сакам накратко да кажам уште за две три работи кои се сосема нелогични.

При систематското запишување на правата на недвижностите до сега, или еден од начините е преку излагањето. До сега излагањето го вршеа дипломирани правници, пред се заради природата на работите, заради утврдувањето на правотона сосптвеност и т.н, заради тоа што се појавуваа многу правни дилеми или правни пречки кои треба да се разрешат во текот на оваа постапка. Сега ако се погледнат статистичките податоци ќе се види дека има голем број на спорови кои се јавуваат или дилеми кои не може да ги разрешат ниту дел од правниците кои се таму, па се водат погоелми постапки. До сега беше така.

Ако сга дозволиме во Катастарот секој да може да изврши излагање или систематско запишување, па дури и без одржување на јавна расрпава, тогаш сосема ќе јаутнеме работата, ќе направиме дополнителни можности да создадеме нови судски постапки заради тоа што ќе се јават многу отворени прашања кои природно, заради работите во Катастарот, при авионските снимки, при скици и т.н., заради податоци за одредени објекти или земјиште за кое во моментот не бил во можност сопственикот да даде информација, дал некој друг,  па се запишало на погрешно име, ќе се создадат пречки кои не можат така лесно да се отстранат и повторно ќе се поведе нов судски спор.

На крајот, нависитна сакам да добиеме одговор, јас не слушнав сега, како може  потврдата да биде правен акт. Кој правник, ни министерот со долгогодишно искуство во два системи различни, демократски и социјалистички, меѓутоа јас ниакде не сум сретнал дека потврдата може да биде правен акт врз основа на која ќе вршите запишување.Дајте сменете ги законите, судијата да носи потврда дали сте во право за одреден спор или не, дали сте сториле кривично дело или не. И ова е уште еден од сегментите кој укажува дека законот не го правите за олеснување на потребите на граѓаните, туку напротив за да се создаваат одредени можности владеачката елита во Република Македонија да постапува на начин на кој постапува. Ги согледаа недостатоците што ги правеше тогашниот директор на скопски Катастар, во периодот 1998 до 2002 година, дајте сега да овозможиме тоа да гоанулираме, ќе издаваме потврди. Врз основа на та апотврда, дали јас ќе имам право на жалба како граѓанин на Република Македонија, да поднесам жалба на потврдата или приговор. Апсолутно не. Мислам дека овде треба сериозно да објасните пред рпатениците и пред македонската јавност од кога потврдата е правен акт во Република Македонија, со што ја востановивте соправен акт и дали врз основа на потврдата ќе ми дадете право на жалба, ќе можам да се жалам до соодветен орган, да поднесам тужба и т.н. затоа што во член 149 став 3 вели дека потврдите од ставовите се издаваат во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата за запишувањето. Тие се издаваат во некој рок кој е предвиден во законот. Во кој рок јас на потврдата ќе поднесам жалба ако сум незадовоелн од неа?  И понатаму во сите членови се употребува тој термин и за запишувањето и за бришењето, дека ќе се издава соодветна потврда, наместо решенија.

Од сите овие забелешки што ги искажав,не очекувам дека ќе ја подобриме ефикасноста на работата на Катастарот. Очекувам дека ќе имаме само нова Агенција, ќе создадеме можност да се избере управен одбор, ќе создадеме можност да имаме сега директор на Агенцијата, ќе ги преименуваме во овој период сите заводи и подрачни единици во агенции и т.н., меѓутоа што е тоа што ние како граѓани ќе почувствуваме дека нешто е подобро во постапката. Апсолутно ништо, апсолутно создавање на нови можности за водење на спорови со државата и на крајот на краиштата ќе завршите еден предмет, ќе баате да се запише одреден имот и за тоа запишување ќе добиете потврда од надлежниот орган.

Токму заради тоа на крајто уште еднаш барам, дали почитуваниот заменик минситер, дали минситерот за прада ќе дојде и пред Парламентот ќе каже од кога потврдата ја установува какоправен акт и како решение. Тоа апсолутно не држи и мислам дека час поскоро треба да размислите да го смените тоа заради тоа што и тоа е еден од упадите во правниот систем.

Јас можам да разберам дека министерот за правда, како член на Судскиот совет, може да гласа и спротивно на законот, да продолжи мандат на претседателот на Судскиот совет и прави упади во правниот систем, меѓутоа минситер за правда да биде предлагач на закон во кој ќе каже дека од денес потврдата ја установувам како правен акт, апсолутно е нонсенс и за тоа треба одговор пред Собранието и пред македонската јавност, за да можеме да се определиме да гласаме за еден ваков закон.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Спасовски.

За збор се јави госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да го изнесам и моето размислување во врска со законот. Имено најмногу се дискутираше околу  основањето односно трансформацијата за државните заводи за геодетски работи во Агенција.

Би сакала да искажам едно мое видување и сакам,спротивно на она што беше кажано, да поставам едно прашање сонапомена дека во

2004 година, согласно Законот за вработување и осигурување вослучај на невработенсот, кој тогаш беше донесен, се направи трансфорамција на заводите за вработување во агенции за вработување.

Дали можеби, со оглед на тоа што денес овде беше искажано, тогаш се размислуваше во насока дека со самата трансформација ќе се создадат добри услови заводите во кои лицата кои беа вработени и тогаш го изгубија статусот на државни службеници. Тие не се државни службеници, а гледаме дека заводите функционираат нерпечено. Така што не држи размислувањето што овде беше кажано околу Агенцијата за геодетски работи, штоја пропишува овој закон. Имено сакам да го кажам моето разлислување со следното:

Оваа форма на трансформација, со оглед на тоа што имаме закон кој го носи знакот на Европска унија е по примерот на напредни и модерни европски земји, како што се на пример Холандија, Литванија, Шветска и други држави и до сега пропишаното запишување на правата беше во судската валст, а геодетските работи се работеа во извршната власт.

Институционалната псотавеност во државните заводи за годетски работи овозможува полесно и побрзо функционирање и пристап до податоци, бидјеки сега со новиот Закон кој пропишува, се постигнува двете постапки да бидат во Агенцијата, што впрочем е уредено во член 8 каде се предвидени надлежностите на Агенцијата. Јас тука не би сакала да ги читам тие надлежности.

Трансформацијата, за мене лично претставува чекор поблиску до корисниците, што ни е и крајната цел, корисниците на катастарските услуги, бидјеки оваа форма овозможува пофлексибилно управување во нејзините ресурси, како човечки, исто така и финансиски.

Би сакала да кажам збор два и околу она што беше кажано во претходните дискусии, за трговци поединци и овластени геодетски работници и трговски друштва кои сега, согласно на допишаниот закон им се овозможува да се здружуваат во комора која обезбедува самостојнсот и подобра организација и нивно непречено работење. Значи до сга физичките лица кои имаат стекнато овластување за геодетски лиценци, сега се поделени во одделенија, еден вид јас така би го нарекла, на овластени архитекти инжињери и одделение на инжињери на геодетски работници. Тоа е согласно Законот за градење од 2005 година, кој се покажа од резултатите дека не ја извршува својата работа и тие овластувања и лиценци всушност ги издаваше Државниот завод за геодетски работи, а сега со формирањето на Комората, ќе се издава овластување согласно воој Закон, преку Комората и јавните овластувања се однесуваат на постапка за стекнување, продолжување, престанок и одземање на овластени геодети, преку оваа Комора. Тоа е пропишано во членот 97. Тука се овозможува и една друга поволност. Цените кои приватните гоеодети, всушност до сга како да ги утврдуваа на слободен пазар и тоа се покажа како несреќно решение, бидејки меѓусебно се вршеше договоарање од страна на овластените геодети, околу тоа со која цена ќе стартуваат, што всушност претставуваше и неприфатливо решение за граѓаните, во која насока е нашата крајна цел, да донесуваме и прилагодуваме закони кои ќе бидат пред се прифатливи и применливи за граѓаните.

Со новиот закон се предлага донесување на тарифник кој е пропишан во член 94, тарифник врз база на кој ќе се утврдат критериумите за утврдување на цената на услугите и предвидува рамка во која би се движеле цените. Значи се пропишува минимум и максимум на утврдување на цена, што исто така за мене лично е една поволност за да не може да се доведеме во ситуација да се изрекуваат превисоки цени кои нема да бидат прифатливи за граѓаните, за соодветно извршените катастарски услуги. Во тој правец сакам да укажам и на една друга работа.

Денес и сега во овој момент сеушре сме по општата расправа по Предлог законот. Со оглед на тоа дека имаме и многу поднесени амандмани, со оглед на тоа дека дел од амандманите одат во насока на техничко усогласување и прилагодување и со оглед на тоа што ценам оние конструктивни и прифатливи забелешки кои се предложени во амандманите, дека ќе наидат на разбирање, јас би сакала и воинтерес на времето тука да ја завршам мојата дискусија по Предлог законот и вонасока на потранспарентна работа да поминеме на амандманска расправа, што се надевам дека ќе вроди со плод, со сите оние предлози кои се за подобрување на текстот на законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Димовска.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузава Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани тројца пратеници од парламентарното мнозинство односно од ДПМНЕ. Можам и поединечно да ве поздравам со оглед на бројот на кој што сте присутни во салата, нема да ми треба многу време. Но, да поминеме на она што е тема на денешната дискусија односно Предлог за донесување закон на катастар за недвижности со Предлог на закон.

Јас веднаш би се обратила до заменик министерот и би побарала ако веќе не го повлекува овој закон од собраниска процедура тогаш би замолила ова да биде барем прва фаза во која што ќе се разгледува законот, да се слушнат сите забелешки од страна на опозицијата и доколку има такви од парламентарното мнозинство, да бидат вградени во законот и да донесеме еден навистина квалитетен закон кој што ќе биде усогласен не само со тоа што го има знакчето на Европската

унија, знаменцето ставено на првата страница, туку во целост усогласен со европското законодавство, затоа што почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер да се каже за еден ваков закон дека ниту е сложен, ниту е обемен, од една страна морам да ви кажам дека и по својата суштина материјата која што ја засега и значењето и тоа како е сложен, и тоа како обемен затоа што има 221 член кои што регулираат една многу сериозна материја, досегашниот Државен завод за геодетски работи на Република Македонија, од друга страна е многу битен за целокупните случувања во областа на развојот на економијата, па ако сакате и при привлекувањето на странските инвестиции. Затоа еден ваков несериозен пристап навистина не можам да го разберам и уште еднаш апелирам законот да биде разгледуван во две фази. Со тоа мислам, еве при крај се заинтересираните за дискусија ќе можеме многу брзо да ја завршиме нашата прва фаза. Има предложено амандмани, може да ги погледате, да ги вградите заедно со забелешките и да ни доставите еден поразличен закон отколку ова што во овој момент се наоѓа пред нас.

Морам да ви кажам дека визијата за идните катастарски системи е дефинирана во извештајот на Интернационалната федерација на геодетите позната како КАСТАСТА 2014. Тоа значи дека ако се сакало да се усогласи овој закон со Законодавството на Европската унија, со перспективите што треба да ги има Катастарот треба да се поведе сметка за ова што го кажувам односно да се погледа малку и визијата предвидена од страна на Интернационалната федерација на геодетите.

Оваа Интернационална федерација на своите годишни состаноци одржани, мислам дека беше во Будимпешта и во Малезија 1996, 1997 година на нејзе се дискутираше за иднината на катастарските системи и беше финализиран така наречен извештај - катастар 2014 година, што всушност претставува визија за еден иден катастарски систем кој што треба да се потпира на некои од следните постулати.

Катастарот до 2014 година треба да ја покажува комплетната правна состојба на земјиштето вклучувајќи ги јавните права и забрани. Дали ова го имаме во овој закон не може да се каже дека во целост е постигнато со законот што се нуди пред нас.

Потоа поделеноста помеѓу катастирањето и регистрацијата конечно веќе еднаш да се напушти. Погледнете го законот да видиме дали во целост ова е дифинирано и спроведено. Јас веднаш ќе кажам дека не е. Катастарот од хартија и пенкало веќе да го снема. Во таа насока морам да кажам дека се работи и мислам дека тоа ќе го постигнеме барем до 2014 година и со ваков закон. Значи, тука немам забелешка. Катастарот до 2014 година да биде високо приватизиран односно целосно приватизиран, јавниот и приватниот сектор да остваруваат тесна меѓусебна соработка и Катастарот што е најважно до 2014, а тоа требаше и сега да се случи со овој закон, да биде самофинансирачки.

За жал, ако го погледаме законот не можеме да дојдеме до заклучок дека тоа е направено. Тоа е една од најсериозните забелешки поради која ви сугерирам веднаш да го повлечете односно да дозволите ова да биде прва фаза и потоа да следува втората фаза во собраниска процедура да влезе еден закон кој ќе ги исполнува овие критериуми.

Стратегијата на Државниот завод за геодетски работи исто така беше промовирана со Катастарот на недвижности и регистрација во ноември 2005 година, која што беше финансирана од заемот на Светската банка вреден ни малку ни повеќе туку 14 милиони долари. Со таа стратегија што сакаше да се воспостави?

Сакаше пред се да се воспостави Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија, да се развие современа информациско комуникациска технологија, е Катастар. Ова и со овој закон може да се постигне.

Да се развијат човечките ресурси и обноват просторните капацитети на Државниот завод за геодетски работи. За жал, во законот тоа не можеме да го видиме и да се изработи дигитална топографска карта на Република Македонија, да се развие ортопото техничка три бе катастар и што е најважно, што беше основа за која што се дадени сите овие пари за да имаме ваков проект да се трансформира во агенција но со клиентска ориентација, самофинансирачка или како што стои во Стратегијата.

Во вака дефинирана Стратегија всушност требаше да се создадат услови и за доследно да бидат реализирани, во визијата на Катастарот до 2014 година кој што ни го нуди и да добиеме катастар за кој што тежнее во цела Европа, а не ние и овој пат да се разликуваме од останатите развиени земји.

Значи, ќе повторам. Глобалната цел ...

Добро, јас ќе почекам да не му пречам во разговорот на заменикот министер.

**Благој Зашов:** Повелете, повелете.

**Роза Топузава Каревска:** Благодарам, ќе почекам да си го заврши разговорот затоа што навистина сум невоспитана што јас зборувам овде за законот, а заменикот си има поважна работа, но ако заврши со дискусијата ќе продолжам.

Значи, глобална цел на овој проект за кој што сега говориме почитуван заменик министер беше да ја промовира владината агенда без разлика на која влада се работи за поддршка на економскиот развој на земјата преку пораст на инвестициите во приватниот сектор и влез на директни странски инвестиции, за кои што впрочем оваа Влада само декларативно, за жал се залага и во функција на подобрување на општата клима во земјата, со што со влезот на странските

инвестиции ќе се отворат нови работни места и ќе се намали сиромаштијата.

Дали навистина ова е почитувано и имало во предвид кога се работел овој закон. За жал не. Стратегијата која што ја спомнав неколку пати, визијата за Катастарот до 2014 година, која што е визија за сите европски земји не е применувана и адхог во образложението пишува нешто дека сме усогласени, дека се земени компаративни искуства итн, но што од тие компаративни искуства е применето, тоа е веќе знак прашалник.

Не е постигната главната цел на проектот, се воспостави катастар на недвижности на цела територија на Република Македонија и да се развие пазарот на недвижности со доследно и целосно почитување на сопственичките права.

Доколку ова се постигне, оваа Стратегија биде вградена и правилно се искористи заемот кој што ни е даден 14 милиони долари од Светската банка се очекуваат следните резултати.

Конечно еднаш да се воспостави катастар на недвижности на цела Република Македонија. Сите трансакции да се регистрираат за еден ден, всушност кон тоа и тежнееме, да можеме да бидеме поефикасни во сите сфери, вклучувајќи го и Катастарот.

Повторно ќе кажам, многу е важно за Државниот завод за геодетски работи да стане агенција која што не само што ќе го промени името во агенција, туку тој да биде самофинансирачки во согласност со модерните деловни практики и

Премерот да го вршат приватните геодети.

Дали ова може да се види од законот, што за нас за жал не може и затоа велам дека овој закон почитуван заменик министер е закон без визија за иднината на Катастарот, затоа што од она што го нуди освен името што се менува, од Државен завод за геодетски работи во агенција не ја има суштинската трансформација самофинансирачки или посади победи, односно во законот нема елементи со кои што би се насетила оваа заложба од страна на Владата односно од страна на предлагачот.

Во идниот период законот да може да пружа можност да се создадат услови оваа агенција да препрасне во самофинансирачка затоа што само така мора да признаете може да се оствари клиентската ориентација односно да биде сигурен, да биде ефикасен и доверлив сервис на граѓаните, Катастарот.

Знаеме дека нема граѓанин кој што имал потреба да заврши некоја работа во Катастар не се соочил со низа проблеми. Нема, таков јас не познавам, вклучувајќи се и самата себе си. Нема некој кој што имал намера да инвестира во Република Македонија и да не се соочува со проблемите за кои што сега говориме.

**Благој Зашов:** Госпоѓо Роза Топузава Каревска дали за неколку минути ќе завршите, па да ве толерирам, или ќе сакате да продолжите по паузата.

**Роза Топузава Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Мислам дека дискусијата е конструктивна и стручна, ќе му користи на заменикот министер, не би сакале сега набрзина да зборувам уште 2-3 минути. Немам уште многу, но ќе ми бадат потребни најмалку уште десетина минути да се искажам.

**Благој Зашов:** Во тој случај госпоѓа Каревска и колеги пратеници овде го прекинувам претресот по Предлогот за донесување на законот.

Давам пауза од еден час, по што ќе продолжиме со дискусијата на госпоѓа Каревска.

Повелете еден час пауза.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што продолжуваме со работа.

Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

На почетокот се обратив до тројцата пратеници од парламентарното мнозинство, сега бројот е ист од таа страна. Инаку, не знам дали е добро човек да говори пред полна или празна сала, барем нема да имате проблем, нема кого да опоменувате, со оглед дека ќе биде тишина додека јас говорам. Но, со оглед дека сега немаме амандманска расправа и не треба да ги убедувам колегите пратеници, колку со аргументи треба да се прифати одреден амандман, повеќе треба да дебатира со заменикот министер, јас ќе ја продолжам мојата дискусија. Ќе се обидам сосема накратко во две три реченици да го поврзам со оној дел што го говорев пред паузата, за што мора сите да признаеме дека навистина не е лесно да се говори пред и по пауза со пауза од 1 час, меѓутоа тука нема никакви забелешки. Деловникот е таков и треба да се почитува, во 14,00 часот е пауза, вие го почитувате тоа, а јас ќе продолжам околу разгледувањето на законот.

Почитуван заменик министер,

Уште еднаш би сакала да ве замолам, да ве разубедам колку можам со овие аргуметни сега што ги кажав и овие што повторно ќе ги кажам, некои нови, некои ќе ги повторам, ова да биде прва фаза за разгледување на законот и сега бидејќи имаме само уште еден колега пријавен за дискусија, после неговата дискусија да гласаме за потребата за донесување на ваков закон. Мислам тука сите ќе се согласиме дека на Република Македонија и е потребен да има еден ваков закон, но околу тоа како тој треба да изгледа и што се треба да содржи, мислам дека имаше доволно искажани аргументи и од моја страна и од колегите кои говореа предмене, дека на законот имаме сериозни забелешки кои што нема да овозможат да имаме, ако вака остане, еден европски закон кој што ќе ги исполнува сите предуслови за да можеме да воспоставиме еден катастар како што и е потребен на Република

Македонија, како земја која што се залага за евроатланските интеграции. Затоа, ве молам, навистина почитуван земеник министер, несериозно е да се каже дека еден закон од 221 член, еден закон кој што решава многу суштински прашања да кажеме дека ќе го носиме во една фаза без да имаат можност пратениците кои на компаративното искуство да го искажат и не само што ќе го искажат своето мислење, нивните мислења да бидат вградени во еден нов закон.

Почитувани колеги, навистина на Република Македонија сите ќе признаеме дека и е потребен закон кој што ќе ја регулира оваа многу чуствителна материја која што како што реков не е само важна за правилно функционирање и ефикасно функционирање на катастарот, туку е многу битна и за развојот на економијата, привлекувањето на странските инвестиции, а со самото тоа и отворање на нови работни места и поефикасна борба со сиромаштијата.

Јас говорев за визијата за идните катастарски системи, која што е дефинирана во извештајот на Интернационалната федерација таканаречена Катастар 2014 и ги кажав пустулатите врз кои што почива оваа визија и што треба всушност да се постигне до 2014 година, не само во Република Македонија, туку во сите европски земји кои што се членки и кои што не се членки на Европската унија каков катастар ни е потребен и каков катастар ќе биде ефикасен за справување со проблемите кои што со години се напластени во катастарот, а секојдневно се соочуваат граѓаните на Република Македонија.

Меѓу другото исто така ја спомнав и стратегијата на Државниот завод за геодетски работи која што е промовирана во проектор Катастар на недвижности и регистрација во ноември 2005 година, која што стратегија пак од друга страна, а ја споменувам затоа што е многу важна, бидејќи е финансирана од заемот на Светска банка вреден 14 милиони долари и таа стратегија налага да се воспостави катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија, да се развие современа информациска комуникациска технологија Е - Катастар, на што веќе се работи, да се развијат човечките ресурси и обноват просторните капацитети на катастарот. Потоа, да се изработи дигитална топографска карта на Република Македонија, да се развие ортофототехниката и 3Д катастарот и што е најважно да се трансформира во извршна агенција со клиренска ориентација односно самофинасирачка. Овој закон не го нуди тоа. Законските решенија кои се предвидени со законот и членовите ги содржи овој закон не нудат можност да го постигнеме ова што се бара во стратегијата финансирано од Светската банка. Токму заради тоа ќе кажам дека глобална цел на проектот беше да ја промовира владината агенда за подршка на економскиот развој на земјата, не само на оваа Влада, без разлика на која Влада е тоа, сега говориме за доброто на Република Македонија преку пораст на инвестиции во приватниот сектор и влез на директни странски инвестиции во функција на подобрување на општата клима во земјата со отворање на нови работни места. Главна цел на проектот е да се воспоставни катастар на недвижности на цела територија на Република Македонија, да се развие пазарот на недвижности пред се со доследно почитување на сопственичките права. Дали ова ни го нуди овој закон ваков каков што е ќе ви одговорам не, овој закон не ги нуди тие можности. Очекувани резултати, доколку имаме еден ваков проект и со донесување на ваков закон, а за жал, не можеме да очекуваме од законот ваков каков што е, се катастарот на недвижности да се востанови на целата територија на Република Македонија, сите трансакции да се регистрираат во рок од еден ден, само во еден ден. Државниот завод да биде самофинасирачка агенција и да работи согласно на модерните деловни практики. Премерот да го вршат приватни геодети, да се подобри довербата на корисниците на услугата. Тука говорев дека мора да признаеме нема човек во оваа земја кој не се соочил со илјадници проблеми кога ќе му требало да заврши некоја работа во катастарот. Токму поради тоа доварбата е во оваа институција, во голема мера нарушена. Мора да се застане на пат на тоа и да се направи проект за реализација на проектот со еден квалитетен закон да се подобри довербата на корисниците на услугите и со тоа да се воспостави механизам кој добро ќе функционира и што е најважно Владата да формулира политика на земјиште. Ние во Република Македонија ја немаме оваа политика. Со тоа ќе се надминат сите административни бариери за влез на странските инвестиции. Оваа Влада цело време се пропагира како Влада која што најмногу е заинтересирана со најголеми заложби за влез на странските инвестиции. Но, тоа почитувани колеги, не треба да се прави само декларативно. Тоа се прави пред се со подобрување на законската регулатива за да им се овозможи на странските инвеститори да не наидуваат на непромостливи бариери кога навистина ќе сакаат да инвестираат во оваа земја. Со овој закон, тоа не се овозможува.

Затоа, кажав дека ваква како што ни е предложен законот е без визија за иднината на катастарот, затоа што со она што го нуди единствена придобивка е менување на името на институцијата од Државен завод за геодетски работи на Република Македонија во Агенција, а притоа суштинската трансфорамција останува. За да се случи суштинската трансформација на институцијата, потребно е постепено таа да почне да се ослободува, а тоа е она што го кажав самофинасирачка да почне да се ослободува од буџетските средства, со пораст на самофинасирачките средства.

При понудата на овој закон од страна на Владата, таа морала да ги направи и на пратениците да ги достави потребните анализи кои што ќе ни покажат во овој момент и како ќе се движи во наредните барем 4 години порастот на

средства од самофинансирачките активности. Кој е оптималниот број на вработени во агенцијата, тоа исто така го немеме во анализите. Што е најважно со колкав процент ќе учествува агенцијата во креирање на платите на вработените. Значи, секако дека ова што го говорам не може да го постигнам во една или две години, тоа е процес кој што ќе трае подолго време, но ние мора да имаме една претстава како тоа ќе оди. Кога Агенцијата ќе го достигне нивото да речеме да може да финансира и да учествува со 25%, кога Агенцијата ќе може да учествува со 50%, а кога со 75% од платите, додека останатиот дел ќе се финансира како што беше досега од Буџетот.

Со оваа јасна алализа ќе можеме да говориме дека навистина се сака да се постигне една вистинска трансфорамција, а не само декларативна. Со ова ќе се овозможи да се финансира развојот, додека се е поинаку што се предвидува не го овозможува ова што досега го говорев. Зошто говорам за еден пазарен принцип, не само за работа на агенцијата. Нормално, ние како ЛДП секогаш го подржуваме пазарниот принцип, не само на работа на оваа агенција, туку воопшто во сите сфери на општеството, но овој пат говорам затоа што вака работат верувајте катастрите во сите развиени европски земји. Овој начин кој што сега го спомнав самофинансирачкиот е формула за професионален непартиски сервис да го направиме катастарот, кој ќе биде во служба на сите граѓани. Овде беше спомнато за холандскиот катастар како пример од пратеник и дека е земено компаративното искуство од холанскиот катастар, но морам да кажам дека не е така. Еве, на пример, ќе кажам дека холандскиот катастар за плати директно од Буџетот се финансира саљмо 25%, а другите сресва кои што ги добива со самофинансирање за плати 75% ги обезбедува сам и дури има и средства кои што ги обезбедува за развој во Агенцијата. Ова не можеме да го видиме од вака дадениот закон дека е размислувано во оваа насока. Мора да признаеме дека на овој начин со само финансирање кое ќе биде предвидено за секоја наредна година или години со стапки, ќе се оствари и принципот на самоконтрола и само дисциплина помеѓу вработените, нормално дека тие ќе се залагаат, нивните услуги да бидат поефикасни и квалитетни и секој ќе настојува да оствари што е можно повеќе, затоа што од тоа не само што ќе му зависи развојот и напредокот на институцијата, туку и личниот развој, неговиот напредок во кариерата, па ако сакате и платата. Со оглед на тоа дека, како што реков, законот за жал не ни го нуди ова и погледнете во ниту еден член не можеме да откриеме дека нуди вакво нешто и немаме суштинска трансфорамција или со еден збор ја промашува целта, сакам уште еднаш да ви предложам почитуван претставник на Владата, да ја завршиме овде дебатата околу потребата за донесување на закон и да говориме за една втора фаза кога ќе ги внесете забелешките. За да можете да ги внесете забелешките, јас покрај оваа начелна дискусија која што ја имам, иако овде имам направено забелешки, јас не поднесов амандмани, затоа што бев сигурна дека со амандманите уште повеќе ќе се усложни можеби и ќе дојде до една конфузија во целокупниот закон, затоа што дел може да се прифатат, дел не, па за да не дојде до тоа мислев дека ќе успееме пратениците од опозицијата да го убедиме министерот да ги слушне нашите забелешки и да ги вгради во законот, а потоа кога ќе добиеме нова верзија, на таа да се обидеме барем нешто да се исправи со амандмани, затоа што не можеме, мора да признаете, на секој втор член имаме интервенции. Што ќе се случи ако се прифатат условно речено интервенциите во 4 или 5 амандмани, а понатаму тие што се поврзани еден со друг не се исправи е ќе стане една уште поголема конфузија од она што го имаме.

Сите знаеме дека корисници на оваа агенција се односно корисници на катастарските услуги се пред се граѓаните, банките, граѓаните, нотарите, адвокатите, приватните геодетски фирми, агенциите на недвижности, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа и сите оние кои ги плаќаат услугите на катастарот и за жал, ова е многу сериозно, нивни претставници не гледаме во управниот одбор. Што понатаму да говориме кога на самиот почеток ако ги немаме овие корисници за кои што постои катастарот, нивни претставници немаме во управниот одбор, што понатаму да говориме. Ова е еден пропуст кој што мора да размисли министерот и веднаш да го поправи доколку има ваков амандман, ако веќе тврдоглаво стои на позицијата дека ќе оди во една фаза, да го прифати.

Продолжувам понатаму, веќе почнав со конкретни забелешки, за жал сега не можам сите да ги изнесам затоа што не знам колку има сврха ако се останува на мислењето, бидејќи не го слушнавме заменикот министер во колку фази ќе оди законот, меѓутоа не знам колку ќе има цел да ги кажувам сите забелешки една по една во сите членови да ги нотирам, а при тоа тоа да не даде никакви резултати и све да се сведе само на одземање на времето од работата на Парламентот.

Меѓудругото, јас би сакала да дадам уште една сугестија начелна, дека можеби пологично беше ние да имаме два закони пред нас и тоа Закон за геодетски работи, а посебно потоа и можеби дури истовремено Владата да ни понудеше закон за катастар на недвижности. Ако го погледнеме компаративното искуство ќе видиме дека ваква пракса постои во земјите во регионот каде што функционираат во овој момент два закони, а при тоа имаме и агенција за која што исто така се наменети овие закони.

На пример во Англија постои посебна Агенција за пишување права на недвижности и посебна агенција за геодетски работи. Но, ако сепак Владата одлучила дека кај нас е потребно овие работи да се регулираат во еден закон, на самиот

почеток би сакала да предложам да се измени насловот и тоа да биде закон за геодетски работи и катастар на недвижности, каде што во законот посебно место ќе му се посвети на геодетските работи, но и на картографијата која од ден на ден се повеќе се развива во Република Македонија, за која што за жал се уште немаме законска регулатива. Немаме законска регулатива, затоа што станува збор за дигитална картографија, која што е прва и единствена на Балканот, но и пошироко, а за ова би сакала,кога веќе говорам, да спомнам дека нашата земја за развој на дигиталната картографија доби еден јапонски гранд, кој што можам да го дефинирам како вид на техничка помош, во износ од 6 милиони евра.

Значи, ако имаме една ваква сериозна сума, мора да признаете дека треба да пристапиме со посебно внимание кон оваа работа и заради тоа ни е потребно ова што го реков, закон за геодетски работи и катастар на недвижности, каде што посебно внимание ќе се посвети на картографијата.

Освен ова, поединечни членови беа изработени од колегите и не би сакала да се повторувам со нив, но не можам да не спомнам барем некои. Прашав, не знам дали ќе ми одговори заменикот министер, дали Министерството за правда, како предлагач на законо тможе да даде образложение дали Владата има изготвено анализа на самофинансирачките дејности на Државниот завод за геодетски работи во изминативе 4 години и проекција за следниот период. Ова е многу суштинска работа. Јас уште еднаш го замолувам заменикот да ми одговори на ова прашање. Зошто велам вака? Затоа што без една ваква анализа, самата Влада не требала да си дозволи да ни го предложи законот, а камо ли пак, законот да влезе веќе во собраниска процедура и тоа да биде донесен во една фаза.

До колку ова го нема направено Владата на Република Македонија, извинете ме, но морам да кажам дека си дозволува да се најде во една многу комотна позиција и ефектите од работењето на Агенцијата која што мислам дека ќе ја донесеме со овој закон, нема да се почувствува, верувајте ми, затоа што се кога се работи, мораме да имаме претходни анализи на периодот пред да биде тоа направено и извесна стратегија, барем најмалку за периодот од наредните 4 години.

Навистина, мене посебно ме загрижува членот 20, бидјеки во него не се дефинирани какви договори ќе склучува Агенцијата. На пример, користење на податоци од Агенцијата, зошто вака формулиран член, ќе признаете дека остава сомнеж за упад воприватната геодетска пракса. За сега ни е потребно повторно да го направиме ова од кога беше јасно и дефинирана и воспсотавена приватна геодетска пракса, а зошто мислам дека ова сега се менува со законот. Знаеме дека поради еден популистички потег на Владата, ги намали услугите на Катастарот и сега се соочи дека не постигнала голем напредок во оваа работа и бара начин како да се наполни сметката од самофинансирачките активности.

Токму поради тоа останува недефинирано што ќе се случува со приватната геодетска праска и сака да се направи упад преку членот 20. Веќе говорев за тоа како треба да се развива самофинансирачката дејност стапка по стапка, прво сопомало учество од страна на Агенцијата, а поголемо учество од страна на Буџетот, за со време тој процент да се менува, за на крај да се сменат улогите иако Агенцијата на почетокот учествува со 25%, а Буџетот со 75%, да се заврши со тоа што во многу краток период ќе се постигне Агенцијата да учествува со 75% од средствата за плати и развој, а Буџетот да партиципира само со 25%.  Така ќе признаете дека ќе имаме поефикасен катастар и ќе биде посамостоен и нема да зависиод партиските влијанија и услугите кои што ќе ги добиваат граѓаните ќе бидат непристрасни.

До колку ова не се направи се остава сомнежот дека навистина, сеуште се нема добра волја да направиме виситнски реформи во Катастарот.

Тука би го спомнала и членот 118 каде што се пропишани рокови за издавање на податоци, но за жал, никаде не се предвидуваат санкциите, што ако тоа не се случи, што ако не се почитуваат овие рокови. Ако некаде се воспоставуваат рокови, а знаеме дека роковите се едни од најболните точки на работата на Катастарот, каде што и граѓаните и приватните фирми, институциите чекаат со месеци и години да можат да дојдат до одредени потребни документи и значи сега се предвидени рокови, но не се предвидени санкции. Ова е многу важно зошто го говорам, затоа што велиме дека Агенцијата треба да биде ефикасен сервиз на граѓаните. Ако ова не го направиме, почитуван министер, ако не се предложат санкции, верувајте дека вонајголема мера ќе продолжи старата пракса, повторно луѓето ќе бидат принудени да бараат врски, еве да го исклучиме митото и корупцијата, да кажеме дека ќе се справиме, конечно еднаш со тоа зло, ако се успее да се справи, но ќе се продолжи со една пракса да се бараат врски, пријатели, за да се заврши една најобична работа во Катастарот. Заради тоа, размислите и направете една измена, ако веќе не сакате целиот закон да го повлечете, барем во оваа насока да може да се подобри и да стане Катастарот вистински сервис за граѓаните.

Исто така, би сакала да го спомнам членот 169, каде што е пропишан редослед на запишување, но со оглед дека ваквиот начин не функционира во пракса, исто и за ова прашање треба да се предвидат санкции за прекршување на членот 169. Никаде немаме предвидено, погледнете го законот нешто вакво и повторно ќе се соочиме со она што до сега го говорев. Овие два члена, членот 118 и членот 169 без предвидени санкции, фактички, не значат ништо. Значат само залажување на граѓаните дека ќе имаме поефикасно функционирање на катастарот, но

кога ќе дојдат да побараат одредена услуга од Катастарот, ќе се соочат со проблеми.

Јас би ве замолила сосема сериозно да го сфатите моето укажување, нема да одам како што реков, имам забелешка уште на 47 членови, некои се суштински, некои се можеби само за подобрување на текстот на законот, но очигледно е дека вие немате намера да направите некои измени. Можеби ќе кажете дека е важно да се донесе што е можно побрзо овој закон. Јас ќе кажам да, важно е да ги донесеме што е можно побрзо законите кои што гоносат предзнакот на Европската унија, но тие мора да исполнуваат два услова, бидејеки овој закон не гиисполнува.

Прво, да бидат во целост хармонизирани со европското законодавствои тоа на начин којшто ќе биде и применлив и полесен за имплементација во нашата земја и

Второ, да обезбедуваат голем степен на трансфорамција во случајот на Државниот завод за геодетски работи во Агенција суштински, а не само декларативно.

Ве молам, овде да ја прекинеме дискусијата, да го изгласаме законот во првата фаза, неговата потреба и предложете на Собранието еден добар закон, кој што ќе може да биде основа за ефикасно функционирање на Катастарот. Другото се е само залажување дека сме донеле уште еден закон со предзнакот на Европската унија, граѓаните ќе се соочуваат со истите проблеми, фирмите ќе се соочуваат со истите, а можеби и уште поголеми проблеми, затоа штонемаме суштинска трансформација имаме нешто ново кое што не почива на добри законски решенија, значи уште погоелми, уште повеќе ќе ни бегаат странските инвеститори, наместо да привлекуваме нови и тие што имаат намера да инвестираат ќе се повлечат. Нема да се овозможи отворање на работни места, а веќе знаеме на кое ниво се наоѓа Македонија во поглед на невработеноста. Морам да кажам дека трпението на граѓаните веќе ги надмина сите граници, неподнослив е животот во Македонија, сиромаштијата од ден на ден се зголемува, невработеноста не се намалува. Граѓаните се наоѓаат во безизлезна очајна ситуација. И ако кон тоа се додаде инфлацијата и секојдневното зголемување на цените, мора да носиме закони, затоа што Владата ќе каже, пратениците донеле ваков закон. Не, пратениците укажуваат дека не е добро во моментот да донесеме ваков закон, без разлика колку е приоритет да се хармонизираат со европското законодавство. Може да се почека уште две недели или месец дена и да донесеме закон кој ќе оди во насока на подобрување на животот на граѓаните. Зашто велам? Затоа што како што видовте ви образложив дека сите овие работи се поврзани една со друга, Ве молам, во името на граѓаните, за да можеме да донесеме ефикасен закон, кој што како што реков, меѓу другото ќе овозможи полесен влез на странските инвестиции, со отворање на работни места, да ја прекинеме дискусијата, да ја изгласаме потребата и да преминеме на следната точка од дневниот ред, со оглед на тоа дека и следниот закон го носи предзнакот на Европската унија и се и однесува на технолошкиот развој, којшто исто така е значаен за Република Македонија, да не го губиме времето со амандманите, кои се многубројни и на крај да донесеме неефикасен закон и да кажеме дека повторно не работи ефикасно Парламентот, туку да ни предложите закон со сите овие забелешки искажани од мене и од колегите кои штопретходно зборуваат и да можеме тогаш во пократок рок, без многу амандмани¸за неколку часа откога вие ќе ни го доставите, Собранието да го донесе тој закон и тој да биде добар, да може да се имплементира и во целост еднаш да се стави крај на сите проблеми кои што ги имаме во Катастарот, вклучувајки го и митото и корупцијата со која што се соочуваат граѓаните.

Се надевам дека после оваа моја дискусија, заменикот министер ќе размисли околу ова што гокажав и ќе постапи според она што му го сугерирав. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас госпоѓо.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Катастар на недвижности.

Пред да ве повикам да гласаме би ги повикал сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум за гласање)

Ги повикувам уште еднаш сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник во салата, гласале 50, од нив 46 гласале за, 3 воздржано, 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Пред да ве повикам на гласање би ги повикал пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Бидејќи во салата имаме 61 пратеник, ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник гласале 54, од нив 48 гласале за, 3 воздржано и 3 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на: член 27 став 1, член 82 став 2 и

на член 119, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов поднесоа амандмани за менување на насловот на Предлогот на законот, член 4 став 1 за менување на насловот на Глава 2, за менување на поднасловот пред член 6, член 6 став 1, член 8 став 1 за бришење на алинејата 6, член 9 за менување на став 2, член 10 став 1 и за додавање нов став 2 по ставот 1, член 13 став 2 алинеја 2, член 76 став 2, член 78 став 4 и на член 88 ставови 3, 4, 5 и 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Никола Ќуркчиев и Тале Герамитчиоски поднесоа амандмани на член 94 за бришење на став 2, член 94 за менување на став 2, член 95 за бришење на став 2 и за бришење на членовите 96, 97, 98,99,100, 101, 102 и 103 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Оливер Спасовски поднесоа амандмани на член 9 став 2, член 10 став 1, член 10 став 4 за менување на алинејата 2, член 10 став 4 за бришење на алинејата 6, член 13 став 2 алинеја 1, член 13 став 3, член 14 за менување на точката В, член 26 за додавање нов став 2 по ставот 1 и на став 2, член 138 за менување на став 2, член 149, член 151 став 1, член 171 став 2 и на член 176 за менување на став 1, за додавање нов став 2 по ставот 1 и на ставовите 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Светлана Јакимовска поднесе амандмани на член 62 став 4 и за додавање нов став 8 по ставот 7, член 65 за менување на став 3, за менување на член 74, за менување на поднасловот пред член 138 на Главата 9, член 155 за додавање нов став 3 по ставот 2, за менување на член 161, член 174 за додавање нов став 3 по ставот 2, за менување на член 175, член 177 став 1 за додавање три нови членови 219 - А, 219 -Б и 219 -В по членот 219 и член 220 за бришење на став 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Предлогот на законот, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Од причина што насловот на Предлогот на законот не мора да ја одразува содржината на законот во целина, од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер, и во членот 1 од законот дозволете ми да прочитам, каде што се зборува за предметот на уредување на оваа материја и се вели дека со овој закон се уредуваат основните геодетски работи, премерот на недвижности во функција на Катастарот на недвижностите, воспоставувањето и одржувањето на Катастарот на недвижностите, државните топографски карти, регистарот на просторните единици, содржината на управувањето со податоците на геодетско просторниот информационен систем во Република Македонија, одржувањето и јавниот пристап до националната инфраструктура на просторните податоци, како и основањето на агенција за катастар на недвижности. Со самиот член веќе е јасно дека насловот на законот не соодветствува со материјата која што се уредува...

Почитуван заменик претседател, можеби е најдобро да ги замолиме колегите кои сметаат дека законот е добар или не е добар или не треба да учествуваат да ја напуштат салава, вака немаме услови за работа.

Смеам да продолжам понатаму?

**Бесим Догани:** Да, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Бидејќи законот интегрално поставува и обработува три теми или три комплесни сегменти, а тоа се основните геодетски работи, тоа е катастарот на недвижности и картографијата, секој од овие сегменти навистина има своја специфика и свое значење и мислам дека низ посебен третман во законот се обработени, па ценам дека истите треба да бидат обработени во посебни законски акти. Доколку предлагачот не се согласува со една таква мерка, мораме да бидеме јасни, мораме да биде конкретни и се разбира барем да го промениме насловот кој вели дека се работи само за закон за катастар на недвижности. Не гледам зошто навистина имате нешто против да го смениме насловот, кога навистина ги обработува сите три сегменти од овој начин на третирање на оваа материја. Мислам дека насловот на законот треба да соодветствува со содржината на законот и ако навистина сакаме да бидеме реални ќе признаете, без разлика што вие однапред рековте дека не го прифаќате амандманот, треба да признаете дека амандманот е во ред и во било која прилика би требало да се прифати, ама овде имаме велам можност за дискусија и по другите амандмани кои се дадени, 40-тина амандмани се дадени на овој закон. Кога не можевме да се договориме законот да биде донесен во две фази, кога не успеавме да се договориме ни колку е стар постојниот закон, сериозно грешат сите оние кои тврдат дека овој закон е стар 22 години, нема врска, сите знаеме кога е донесен и како е донесен, тогаш не останува ништо друго туку да апелирам до колегите пратеници уште еднаш амандманот да биде прифатен и верувам дека и предлагачот на

крајот ќе ја прифати оваа заложба на нас пратениците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Збор има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници.

Иако со нашите дискусии кои почиваат на многу аргументи, податоци и компаративни анализи со европското законодавство не успеавме да го разубедиме заменикот министер да го повлече законот односно да овој пат помине само првата фаза, за останатите две фази да дебатираме друг пат кога ќе бидат вградени сите наши сериозни и аргументирани забелешки, не знам зошто сега не сакат да се прифатат и амандманите ако вака се продолжи и понатаму, не ми е јасно и разбирлива нетолерантноста од страна на заменикот министре и министерот за еден закон  што е многу важен, како што кажав, за понатамошното делување во насока на катастарот и неговата ефикасност, неговата функција како сервис на граѓаните.

Меѓутоа, очигледно дека се нема сенс ниту за еден од амандманите кој што можеби во суштина нема да го промени текстот на законот, но барем ќе им биде јасно на оние што сакаат да го видат законот и да го користат, за каков закон и која материја ја регулира.

Јас и во мојата дискусија, имено предложив, ако ништо друго дека треба да го смениме законот и да се донесе закон за геодетски работи и исто времено да се предложи закон за катастар за недвижности. Доколку еве се нема волја, а се покажа дека се нема волја за ништо што предлага опозицијата без разлика колку да е тоа конструктивно, без трунка популизам или нешто што сака да профитира некој, било како од опозицијата, се нема сенс тоа да се прифати, се нема волја, барем очекував дека ќе го прифатите амандманот.

Уште тогаш предложив барем да донесеме два закони, ако пак не се донесат ако не ни предложи Владата два закони, тоа да биде закон за геодетски работи и катастар на недвижности.

Сега имаме предлог од колегата Ќуркчиев во насока да се промени насловот и тоа не се прифаќа. Зошто е важно ова? Важно е затоа што побарав посебно место да се посвети на геодетските работи, во самиот закон и тоа го образложив со следното: секојдневно знаеме дека картографијата во Република Македонија треба, неопходно е да се развива. А за тоа немаме никаква законска регулатива. Зошто е важно тоа? Затоа што станува збор за дигитална картографија која што е прва и единствена на Балканот. Не знам како да го објасниме тоа. И не само на Балканот, дури и пошироко. Тука  се создадоа услови за вакво нешто да може да се направи, да се развие една дигитална картографија која што е од суштинско особено значење, благодарение на јапонскиот гранд кој што го добивме во вид на техничка помош, а чија вредност изнесува 6 илјади евра. Сега, ако сакаме нешто да се преточи во законска регулатива, а не се дава можност навистина не гледам која е целта понатаму да дебатираме.

Вие не го прифаќате ни првиот амандман. Не очекувам дека колегите од парламентарното мнозинство  ќе гласаат за амандманот, затоа што освен два тројца кои што и секогаш ги следат со внимание дискусиите, другите ама баш за ништо не се заинтересирани, ниту пак има сила што може да ги разубеди да прифатат нешто што ќе биде за подобрување на текстот на законот се во служба на граѓаните. Мислам дека не треба да се биде толку тврдоглав и без образложение да се прифаќа се што нуди опозицијата затоа што навистина некои работи кои што ги нудиме се базираат на компаративните анализи и се потребни за да можат во целост да се имплементираат законите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Роза Топузова Каревска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги молам пратениците да ги завземат своите места, а службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службете доставуваат точен број на присутни пратеници)

Бидејќи во салата има 61 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеника, од нив 12 гласаа за, воздржано 1, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:**  Амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Процедурално, каде ја згрешивме работава госпоѓо Топузова.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Вие никаде не погрешивте, да кажам на самиот почеток погрешив јас, но со оглед дека се водат стенографски белешки во претходната моја дискусија, а се работи за гранд што го дала Јапонската влада и мислам дека не е добро да остане така, напрвив грешка наместо 6 милиони евра, јас би молела да се поправи, јас реков 6

илјади евра. За тоа се работи. Се извинувам што зедов од времето.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас.

Збор по амандманот има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитувани колеги, амандманот е поднесен на членот 4 каде што се зборува за стратешкиот план и годишната програма. Ценам дека амандманот кој што е предложен, стратешкиот план и годишната програма за реализација на стратешкиот план треба да биде заменет со зборовите: стратегија, акционен план и годишна програма. Иако навидум тоа изгледа дека е технички амандман, ценам дека е многу важно стратегијата за катастар да ја донесе Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, бидејќи со стратегијата треба да се определи концептот, приоритетите и стратешките цели на политиката на недивжностите во Република Македонија. Но се разбира и мерките и инструментите за регистрирање и финасирање на институциите и механизмите за имплементација на развојот на катастарот и овие мерки. Мислам дека ако стратешкиот план или акциониот план сосема сеедно, кој што по дефиниција е краткорочен, еден би рекол оперативен документ за спроведување на стратегијата на катастар на недвижности во Република Македонија, со кој треба да се утврдат временската динамика, инструментите, мерките итн за реализација на катастарот на недвижности овој амандман треба да биде прифатен.

Значи, имавме можност и досега почитуван заменик министер при носење на вакви документи, да стратегијата секогаш во сите закони, голем број на пратеници инсистирале стратегијата да биде донесена од страна на Собранието на Република Македонија, меѓутоа се разбира на предлог на Владата на Република Македонија. Не гледам причина зошто го одбивате овој амандман и не го прифаќате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Бидејќи во салата има 64 пратеник амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 58 пратеника, од нив 10 гласаа за, воздржано нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на Главата 2, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Како што кажавте овој амандман се однесува на измена на Главата 2, се предлага да гласи Агенција за катастар, геодезија и картографија. Владата не го прифаќа овој амандман од причина што називот на органот не мора да ги одразува сите работи кои и припаѓаат во негова надлежност, примерна надлежност. Односно основна дејност на Агенцијата е катастерот на недвижностите од каде се тргна при изборот на називот на овој орган.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитувани колеги,

Јасна е работава, парламентарното мнозинство може да не го изгласа овој амандман, меѓутоа и заменик министерот и сите останати знаат дека тие не се во право.

Може да се надлгласуваме, може да се убедуваме меѓутоа и сами велите дека во најголем дел оваа агенција ќе работи или ќе се уредува делот на катастарот на недвижности. Зошто тошаш во законот, имам прашање, не направивте три агенции, едната да биде за катастар на недвижности, другат да биде агенција за геодезија и третата да биде агенција за картографија? Туку правите само агенција за катастар на недвижности. И ред е тоа некој на глас да ви го каже, а вие да немате одговор. Затоа е тоа така.

И не гледам никаква причина да го смените насловот, бидејќи оваа агенција ќе се бави ли со картографијата, да, ќе се бави ли со геодетските работи, да, па зошто не го менувате насловот на агенцијата? Добар дел на колегите кажаа дека во голем број на закони на земји членки на Европската унија постојат повеќе агенции, не само една. Е, па што треба друго да се каже, навистина заради тоа што некој го напишал тоа и тоа е така. Ги почитувавме ли или не ги почитувавме нештата меѓутоа, што да зборуваме. Експертите или странитe експерти, сугестиите од Светска банак ги цитираме како основни елементи за носење на овој закон. Меѓутоа не зборуваме дека овие елементи на кои почива законот се донесени во 2005 година. Експертските мислење се базираа на скратување на процедурите, на имплементација за единечна евиденција на конверзијата на податоци и на привата геодетска пракса. Сите тие работи за кои што велите дека се носители, двигатели на овој нов закон се донесени 2005 година. Што е ново овде?

И сега она што навистина човек најдобронамерно сака да го поправи во законот вие велите дека не бива, или едноставно не се прифаќа амандманот.

Тоа е најлесно да се каже. Потешко е да се каже од причинте зошто не го прифаќате?

Ќе постојат ли три агенции? Не. Една агенција ќе работи. Ќе се бави ли со геодетските работи? Да. Ќе се бави ли сокартографијата? Да. Па, дајте ве молам, немате ниту еден аргумент. Или, дозволете ми да ние, кои сакаме да го поправиме законот, нашите позитивникритики ги вградиме воовој дел на законот. Ако веќе мора да го донесеме. Немам други аргументи што би можел, почитувани коелги да ги кажам во прилог на законот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 60 пратеници, 11 гласале за, 1 воздржан, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот за менување на поднасловот пред членот 6 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Истото образложение како и на претходниот амандман, Владата не го прифаќа и овој амандман.

**Бесим Догани:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Ако продолжиме вака да комуницираме со заменик министерот, тогаш треба да кажам со истите образложенија,како и по претходниот амандман, важат и за овој. Меѓутоа, би било несериозно.

Почитуван заменик министер, мислам дека по претходниот амандман јас барав во законот да постојат три агенции. Вие велите дека Агенцијата за катастар на недвижности ќе се бави со трите основни дејности во законот. Ако се бави сотоа, напишете го во законот. Овој амандман е поднесен и се работи за поднасловот на членот 6, што треба да се смени и да гласи “Основање на Агенција за катастар геодезија и картографија”, а внатре, каде што се работи за Катастарот на недвижности, треба да се заменат со зборовите “катастар геодезија и картографија”.

Или пак, кажете ни јасно и гласно дек аоваа Агенција за катастар на недвижности нема да се бави со тоа. Правите забуна во законот. Благодарам. Нема услови навистина да дебатираме, почитуван потпретседателе. Моите аргументи беа тие. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да гоизгласаме амандманот.

Бидејки во салата имаме 62 пратеници, амандманот го ставм на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 62 пратеници, од нив 11 гласале за, 1 воздржан, против 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 6 став 1 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед дека се идентични овие амандмани што Владата не ги прифаќа, не го прифаќа и овој, ќе се обидам на кратко, на почитуваниот пратеник Ќуркчиев да му дадам едно кратко образложение. Се обидов и попрвиот амандман.

Сакам да го убедам дека називот на органот не мора да ги одразува сите работи што припаѓаат вонегова надлежност. Примарната надлежност, односно основната дејнсот на Агенцијата е катастарот на недвижностите од каде се тргна при изборот на називот на органот. Не ја гледам суштината зошто постои очигледно толку недоразбирање во комуникацијата, како што сака да каже пратеникот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министер.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Само еден мал коментар. Толку е бучно во салата што не можеме да се слушнеме, но, почитуван заменик минситер амандманите се предлагаат од причина што навистина сметам дека Агенцијата,од одредбите во Главата 2 на овој закон, согласнопроблематиката што ја уредува, треба да биде основана согласно надлежностите што ги остварува. Но, претпоставувам аргументите никогаш не биле јака страна. Мнозинството ќе изгласа онака како што ќе речете вие.

Благодарам, немам повеќе аргументи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, уште еднаш ги повикувам пратениците кои излегоа од салата да се вратат во салата, бидејки немаме услови за гласање.

Во салата сега имаме доволен број на пратеници, амандманот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници, за амандманот гласале 56 пратеници, од нив 9 гласале за, воздржани нема, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 8 став 1 за бришење на алинејата 6, поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуваните пратеници предлагаат во овој амандман, по членот 8, став 1 алинејата 6 да се брише, а со оглед на фактот дека и на самата расправа имаше доста дискусија поовој дел, сакам да напомнам дека Владатата нема да го прифати овој амандман од причина што во членот 8, став 1 алинеја 6 од Предлогот на законот јасно е дефинирана надлежноста на Агенцијата во делот што се однесува на геодетските работи за посебни намени што се од значење за Република Македонија, утврдени од Владата. Сите други геодетски работи за посебни намени, што се под влијание за одржување на катастарот на недвижности, не се во надлежност на Агенцијата, туку согласно членот 73 став 3 од Предлогот на законот, законот го извршуваат трговците поединци, овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине господине заменик министер.

Значи, Владата не го прифати амандманот со даденото образложение.

Збор има господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе.

Се работи за еден навистина мошне важен амандман, и јас ги молам колегите пратеници барем да го прочитаат образложениeто што е дадено зошто поднесуваме амандман на член 8 став 1, токму во алинејата 6 што вели дека геодетските работи за посебни намени, од значење на Република Македонија, утврдени од Владата на Република Македонија, предлагаме да се брише.

Со одредбата, повторно се дава во надлежност да врши геодетски работи, односно геодетски работи за посебни намени. Амандманот го предлагаме од едноставна причини, што сметаме дека предложената надлежност на Агенцијата не е апсолутно дефинирана, не е во согласност со предложениот член, значи предлгачот предложил членот 73, став 3 . Погледнете и ќе видите дека не е во согласност со овој член од овој закон и е во спротивност со Законот за градба. До колку вака се усвои овој амандман, нависитна ќе направите сериозна забуна и во делот на Законот за градба. Ние пратениците знаеме дека новиот закон за градба сеуште не е донесен, важи постоечкиот Закон и почитуван заменик министер, ќе видите дека тој е во сериозна спротивност со Законот за градба во кој што е утврдено дека работите за ажурирање на геодетските подлоги се во надлежност на трговец поединец. Овластен геодет и трговски друштва за вршење на геодетски работи. Јас се надевам дека оваа седница ја следат и големиот број на геодети во Република Македонија кои се засегнати од овој предложен закон и тие најдобро знаат дека предложеното решение може да предизвика појава на зголемена или едноставно кажано нелојална конкуренција помеѓу Агенцијата и трговците кои ги вршат геодетските работи.

Зошто, почитуван заменик министер не го прифатите овој амандман кога и сами знаете дека истиот ќе биде обжален и Уставниот суд ќе го поништи целиот закон. Овој член или овој амандман требаше да биде прифатен од ваша страна. Се коси со две одредби. Во самиот закон прочитајте го членот 73 став 3 и ќе видите дека е во спротивност со него, во спротивност е и со Законот за градба и од друга страна имаме појава на нелојална конкуренција помеѓу Агенцијата за која што зборувавте односно јас зборував пред малку и тговците кои се надлежни и ги вршат геодетските работи во Република Македонија. Навистина, со најдобра намера е предложен овој амандман. Јас се надевам дека пратениците ќе гоприфатат овој амандмна. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата, да влезат во салата.

Бидејки во салата имаме 61 пратеник, амандманот го ставм на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласале 61 пратеници, од нив 12 гласале за, 1 воздржан, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворм претрес по амандманот на член 9 за менување на став 2 поднесен од пратениците Никола Ќуркчиев и Влатко Серафимов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете.

**Сашо Василевски:** Благодарам потпретседателе.

Владата не го прифаќа и овој амандман. Само за информација се однесува во делот на околу составот на Управниот одбор. Сакам д анапоменам дека Агенцијата за катастар на недвижности и покрај тоа што нема да биде орган на државната управа, сепак ќе ја спроведува политиката на Владата на Република Македонија, поради што најцелисходно е Владата преку своите предложени министерства да има непосредна контрола врз работењето на Агенцијата. Експертите од Правниот и Геодетскиот факултет кои со амандманот од почитуваните рпатеници се предложени за членови на Управниот одбор не се и не можат да бидат директно инволвирани во областа што се уредува во предложениот закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам заменик министер.

Амандманот не е прифатен.

Збор има господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Се извинувам, се работи за амандман 7?

**Бесим Догани:** Се работи за членот со реден број 7 на член 9 за менување на став 2.

**Никола Ќуркчиев:** Дали може, барем ако се зборува да нема движење во салата или ние да излеземе.

**Бесим Догани:** Господине Ќуркчиев јас се обидувам, меѓутоа според Деловникот сум ви кажал неколку пати, јас немам право да им кажам на пратениците дали да седат, да стојат, дали да зборат по телефон или не. Јас само можам да ги опоменувам и тоа го правам. Вие сега ако сакате апсолутна тишина, тешко дека ќе ја добиете. Повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Темата е катастар за недвижности, почитуван заменик претседател на Собранието, меѓутоа ако вие можете да зборувате од вашето место на телефон, давате еден таков пример кој што е непримерен во ниедна земја. И, да не зборуваме за таа тема, ве молам, би било барем коректно од ваша страна да ги опомenете колегите кои имаат приоритетни активности. Се работи за членот 9 каде што, почитуван заменик министер барате да донесете политички орган да управува со Агенцијата. Тоа е нон сенс, не постои во ниедна земја такво нешто. Барате 5 претставници од 5 министерства исклучиво од Владата, како да не постои ништо друго во Република Македонија што има допирна точка со катастарот на недвижности. Замислете што ќе се случи. Значи,не постои теорија, не постои пракса во Република Македонија, постои исклучиво политика. И тоа луѓе на министрите за правда, за транспорт и врски, за финансии, за животна средина, за земјоделство. Па, ве молам, денес е Владата на ВМРО-ДПМНЕ, утре ќе биде Владата на СДСМ, задутре пак Владата на СДСМ и постојано ли ќе ги менуваме овие управни одбори. Поважно е што реков двапати СДСМ, отколку да го прифатите овој член кој навистина ќе создаде услови стручни луѓе да влезат воовој орган на Агенцијата. А, погледајте кои се надлежностите на Агенцијата. Значи, од не само формирање и управување на Геодетско катастарскиот информационен систем за прв пат кој што се воведува во Република Македонија. Меѓутоа, некој ви наредил дека не смее ни овде да влезе стручен човек. Нема од универзитетите, замислете нема човек професор од Геодетскито факултет, нема од фелата, нема од еснафот, каде се приватните геодети за кои што така милувавте да зборувате и вие и министерот за правда кога дававте образложение за законот. Спомнавте дека 70 и повеќе посто 70,5% е извршен процентот на регистрација. Нормално дека реалноста е нешто друго. Спомнавте дека има 193 или 197 приватни геодети, меѓутоа тоа е само за пред странци. Кога се работи за Управниот орган на една ваква јас би рекол на едно вакво тело кое што пред се треба да биде независно и предлагаме пак да биде зависно со овој амандман, значи да имаме три министерства да бидат вклучени Правниот факултет, Геодетскиот факултет, меѓутоа не постои фела за таа работа. Каде се нотарите, каде се судските органи и т.н. Значи, сакате еден политички орган да управува со недвижностите, со катастарот, со Агенцијата која што е во фаза на формирање. Мислам дека даваме еден лош пример за тоа како во Република Македонија ќе се одвиваат работите. Мислам дека и не можам да се согласам со вас заради тоа што ценам дека апсолутно не е направена никаква анализа при предлагање на едно вакво решение. Мислам дека може ние да се фалиме дека имаме 70,5% процент на регистрација, меѓутоа ако реално дискутираме во таа насока, ќе видиме дека остварувањето на овој процент е директно овозможен со измените кои што беа донесени во постојниот Закон од 2005 година. Зошто тогаш дискутираме, зошто трошиме пари, зошто носиме еден ваков закон. Но, мене не ми останува ништо друго, туку да апелирам до колегите дека се работи за еден сериозен орган, забелешките на експертите од Европската комисија ќе бидат сериозни токму по овој член и не знам кои други аргументи да ги дадеме дека не смее еден политички орган да работи во катастарот. Не може и тоа го нема и нема таков пример во ниедна држава. Кажете еден закон кој што има таков орган или аргумент. Но вие и не сакате да слушате аргументи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Се надевам дека бевте задоволни со атмосферата во салата додека излагавте.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван заменик претседател,

Се надевам дека во иднина нема да бидете така саркастичен заради тоа што тоа е под нивото на овој дом. Дозволете на пратениците да се однесуваат како што е достоинствено за овој дом.

**Бесим Догани:** Тоа и го правам господине Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Да го правевте немаше да реагирам.

**Бесим Догани:** Но работата е, колку паметам јас во ова Собрание, единствен што сака апсолутна тишина сте вие, а знаете каква е салата, каква е атмосферата, таква е за сите пратеници, не само за вас.

Госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас меѓу другото кога говорев за законот го споменав токму членот 9 кога му предлагав на министерот да помине првата фаза потоа да го повлече законот, да ги вгради нашите забелешки поткрепени со аргументи и компаративни анализи од земјите на Европската унија и да ни достави друг закон. Го споменав и овој член, меѓутоа очигледно се нема волја за тоа и за жал, имајќи во предвид за да добиеме еден закон кој што во целост ќе ја подобри ситуацијата во Катастарот и ќе биде во функција на граѓаните сметам дека навистина ни е потребен нов закон. Не е можно само со амандмани да добиеме таков квалитетен закон, затоа и не ги предложив, но во дискусијата реков дека членот 9 е еден од проблематичните.

Сега имаме амандман од колегата Никола Ќуркчиев на кој што јас сакам да му дадам поддршка иако можеби во целост не го отсликува она што треба да го претставува управниот одбор, но колку - толку ја подобрува оваа ситуација која ни се нуди во законот.

Навистина недопусливо е да се вели во член каде што се вели “Орган на агенцијата се: управниот одбор и директорот”.

Ајде да видиме сега кој влегува во состав на управниот одбор.

Управниот одбор е составен од пет члена и тоа по еден на предлог на Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Чисто претставници на Владата односно на партиите кои што се на власт. Мислам дека не е добро, не е здраво за климата во Република Македонија да имаме еден ваков управен одбор на една агенција која што треба да обавува многу сериозна работа.

Сите без исклучок се согласуваме дека една институција каде што има значително ниво на корупција и мито беше посочен катастарот и сега велиме дека сакаме да се справиме со тоа. Како? Повторно селективно, партиски ќе се справуваме, или ќе се справуваме вистински и ќе биде во служба на граѓаните.

Само да потсетам кои се клиентите на оваа агенција. Тоа се граѓаните корисници на катастарски услуги пред се банките, нотарите, адвокатите, приватните геодетски фирми, агенциите за недвижности, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа и сите оние кои што плаќаат услуги на катастарот. Нивни претставници не гледам во управниот одбор. Не само што нема нивни претставници, нема претставник на Адвокатската и Нотарската комора. Не гледаме такви претставници на Република Македонија. Не гледаме ниту претставник на Комората на приватната геодетска пракса. Дали имаме и од локалната самоуправа? Немаме. Ве молам, дали е целта да се постават, директорот ќе биде партиски, нормално. Тоа не е спорно. Сепак се работи за една агенција, партијата што доаѓа на власт си презема одговорност за водење на државата и на вакви агенции да, треба да постави нејзин директор. Тоа апсолутно не е спорно и не треба да говориме само колку да одземеме од времето, туку треба да зборуваме аргументирано.

Но, зошто да не се сака во управниот одбор да се има двајца експерти, како што нудат колегите со својот амандман во кој се вели да има претставник од Правниот факултет и Геодетскиот факултет како наднадлежни експерти стручни во оваа област. Што е толку страшно ако се стават и двајца луѓе кои што ќе бидат претставници од овие факултети. Или се плашите дека можеби Правниот факултет и Геодетскиот факултет ќе предложат стручњаци, научници кои што нема да бидат од владеачкото мнозинство. Па, не гледам ништо страшно. Пак во управниот одбор ќе го има мнозинството Владата, таа што ќе биде на власт. Во овој случај Владата на ВМРО-ДПМНЕ, коалиционите партнери и ДПА. Што страшно има тука ако се прифати овој амандман?

Почитувани колеги, мислам дека треба да бидеме малку посериозни во пристапот. Не се работи само да се донесе некој закон, да кажеме дека овие од опозицијата само зборуваат за да одземат време и се кочничари на реформите. Па, какви реформи ќе правиме со вакви закони кои што не се европски. На 1000 места кажав дека не се усогласени со европското законодавство. Ви кажав дека основниот принцип за трансформација не го почитува, кој што е многу специфичен, кој што се темели на самофинансирањето. И сега кога навистина сакаме со нешто да го подобриме барем текстот на законот, малку да се намали партиското влијание да можеме да имаме една пообјективна ситуација, катастарот да биде вистински сервис на граѓаните, кажав зошто е толку суштински важно. Па, нели се залагате за привлекување на странски инвестиции. Како ќе ги привлекувате странските инвестиции, со партиски одлуки кои што ќе ги носи управниот одбор?

Ве молам колеги размислете, се работи за многу сериозно прашање. Не е работата само да ја

завршиме работата овде, да работиме до 18,00 часот, да поминат уште 3-4 амандмани и со тоа да сметаме дека сме постигнале успех. Успех ќе постигнеме кога ќе се слушаме, кога ќе се почитуваме меѓу себе, кога ќе се спротивставиме со аргументи. Нека стане еден и нека ми каже зошто не е добро овие двајца членови во управниот одбор да бидат од Правниот и од Геодетскиот факултет. Зошто? Што пречи? Немате аргументи да ме разубедите дека е тоа нешто лошо или дека сега опозицијата прави популизам. Каков популизам правиме врз основа на ова? Единствено имаме желба да донесеме подобар закон.

На овој закон работев долго време и гледам дека има многу недостатоци. Ве молам посериозно да ги сфаќаме работите. Ве молам да ги сослушуваме дискусиите од колегите од опозицијата, ако министерот или заменикот не сака, можеби има таква задача добиено, да не прифати ниеден амандман, вие размислувајте со свои глави, дајте да направиме нешто што е добро за Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Топузова.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Се јавив по однос на амандманот поднесен од колегите Ќуркчиев и Серафимов со цел да дадам поддршка на истиот и да укажам на недоследностите или пропустите кои што се направени при пишувањето на овој член, како и решенијата кои што се предложени.

Истиот се однесува на составот на управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности и Владата предлага управниот одбор да биде составен само од луѓе од министерствата, и тоа од пет министерства Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ако прочитаме во причините поради кои треба да се донесе законот како една причина е посочено и тоа дека како недостаток кој оневозможува напредок во оваа област е идентификувана институционалната позиционираност на Државниот завод за геодетски работи која не кореспондира на потребата од создавање на услови за ефикасно давање на услугите кон граѓаните и другите корисници, за што сите се согласуваме дека Катастарот, Државниот завод за геодетски работи досега нефлексибилно, нетранспарентно и неажурно си ја извршуваше својата работа.

Ако со овој закон се предлага институционалната поставеност на Државниот завод за геодетски работи се покачи на едно скалило погоре и да се формира како посебно правно лице кое што ќе има свои органи на управување се поставува прашањето што е целта на Владата кога за составот на управниот одбор предлага пет претставници од пет министерства.

Би го запрашал заменикот министер да ми објасни Министерството за правда какви појдовни или врзовни точки има со Државниот завод за геодетски работи освен што со некоја систематизација на органите на државата можеби Државниот завод за геодетски работи потпаднал под Министерството за правда.

Што има Министерството за финансии со Државниот завод за геодетски работи и која е нивната улога во овој управен одбор. Значи само по себе се наметнува заклучокот дека Владата иако прави еден чекор да ја зголеми независноста на Агенцијата за катастар и недвижности, со составот на органот кој што ќе раководи заедно со директорот повторно се става под своја контрола. Не можат да дозволат, или не сака да дозволи Владата Агенцијата за катастар на недвижности да работи самостојно, туку предлага свои претставници во управниот одбор кои што се знае ќе ги спроведуваат пред се одлуките на Владата, ќе работат во интерес на Владата, а многу помалку во интерес на Агенцијата за катастар на недвижности.

Со вакви решенија каде што се врши политички упад во институциите на системот, во оваа ситуација од страна на ВМРО-ДПМНЕ која што е владеачка партија во коалицијата навистина не можеме да создадеме институции кои што ќе функционираат во интерес на граѓаните и своите услуги ќе ги вршат брзо и навремено.

Не можеме господине заменик министер на ваков начин да обезбедите поефикасна работа на Агенцијата за катастар на недвижности. Не објаснувате зошто не се дозволува да има двајца други претставници, најмалку двајца. Дали ќе бидат од Правниот факултет, од Факултетот за геодетски работи, дали ќе бидат претставници од ЗЕЛС, дали треба од Комората на геодети, вие не оставате простор. Едноставно во законот пишувате јасно ќе бидат сите пет души од министерствата и ние ќе ја имаме контролата на Катастарот. Управниот одбор треба да го донесе тарифникот за услуги, треба да ја донесе систематизацијата, да го направи финансискиот извештај, да ја направи стратегијата за опфаќање со катастар на територијата на Република Македонија. На кој начин, кога можеби составот на управниот одбор нема да биде стручен?

На една од претходните седници во однос на Законот за поштенски услуги што го формиравме составот на луѓето кои што треба да се грижат беше катастрофа. Во Агенцијата за привлекување на странски инвестиции повторно само претставници од Владата. Навистина, дозволете кога се работи за вакви институции кои што се битни за граѓаните, меѓутоа кои што се битни од аспект на нивото на стручност кое што треба да го покажат да ставите и стручни луѓе во органите на управување ако сакате да добиете квалитет, ако сакате да добиете квалитетни

услуги и ако сакате граѓаните да бидат задоволни од реформите во Катастарот.

Вака вие само правите промена на формата, додека на содржината и суштината на функционирање не гледаме никакви подобрувања и ќе дојде време, за жал повторно на сопствени грешки ќе учиме кога ќе видиме дека она што е планирано не е реализирано во Катастарот. Што тогаш? Кој ќе носи одговорност? Дали граѓаните пак ќе чекаат по година дена за имотен лист, или ако им заглави предметот во второстепена комисија?

Со вакви партиски решенија, политички, не можеме институциите на системот да ги обезбедиме да функционираат поквалитетно и на повисоко ниво. Затоа апелирам до колегите пратеници, оние кои што слушаат, да го поддржат амандманот, на некој начин да обезбедат влез барем на двајца стручни луѓе од оваа област, кои што ќе дадат можност управниот одбор на постручен и поквалитетен начин да ја врши својата активност. Во спротивно мислиме дека и законот и поставеноста на Агенцијата нема да придонесе за подобро работење на Катастарот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

За збор се јави господинот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министер за правда, колешки и колеги пратеници,

Јас сакам да дадам поддршка на амандманот на колегите Ќуркчиев и Влатко Серафимов и уште еднаш да повториме некои работи што ги кажуваме овие 18 месеци од аспект на концептот што го промовира Владата на ВМРО-ДПМНЕ, а дали ќе биде и на ДПА тоа вечер ќе го видиме после последните податоци од информациите од медиумите, а НСДП ни самите не знаат дали се во Владата или не...

(Реакција на пратениците од НСДП)

Овие 18 месеци ги краси една иста нишка сите закони што се со европско знаменце, а тоа е дека под закрила на некоја директива ќе го ставиме знаменцето на законот и потоа ршум ќе направиме внатре во членовите.

Ако ја погледаме кореспондентната табела на овој закон, која што треба да ги потврди усогласеноста на овој закон со европските прописи ќе видиме дека кореспондентната табела единствено се однесува на мета податоците дефинирани од членот 188 нагоре, или се однесува само на кореспондентната табела во три члена. Тоа се на мета податоците дефинирани во член 188 и 189, веројатно нема 190. Значи од 220 члена Владата става европско знаменце на законот однапред повикувајќи се на усогласеност само во два члена со европското законодавство. Не претпоставувам дека во Европа постојат директиви за одржување и регулација на Катастарот на недвижности само во однос на мета податоците. Мислам дека има многу повеќе.

Една од работите кои што мислам дека е направена злоупотреба на знаменцето, во овој случај дефинирањето на составот на Агенцијата. Агенцијата која што треба да носи стратешки планови, од кои што ќе зависи во многу економскиот развој на земјата, на Република Македонија мислам дека ја правиме превладина ориентирана без да вклучиме и други субјекти кои ќе бидат дел од овој управен одбор на Агенцијата. За тоа зборуваше колешката Роза Топузова наведувајќи ги нотарите или коморите на приватните геодети, а господинот Николов се повика на ЗЕЛС.

Во услови кога Владата де ќе предложи закон за градежно земјиште, де ќе го повлече, де кога сеуште Владата нема храброст да го понуди земјиштето на локалната самоуправа и тука се обидува да избегне други луѓе или други субјекти да вклучи во оваа Агенција на катастарот за недвижностите. Во него може да има место за луѓе од Централниот регистер, во него може да има место за луѓе од Заводот за статистика. Значи, има многу субјекти кои што не мора по дефиниција да бидат предлози од поедини министерства. Зашто, вака строго се врзуваат за областа што ќе ја водат, бидејќи тоа не е дефинирано. Значи, мислам дека со Агенцијата која што ќе биде составена, Управниот одбор на Агенцијата кој ќе биде составен од 5 члена, сите предложени од министерствата, не ќе можеме да псотигнеме она што е целта, а тоа е да направиме Агенција која ќе работи на принципот на стручност, транспарентност, сервисна ориентација и професионалност, бидејќи до сега ни една институција која што е предложена од страна на Владата не функционира на таков начин. Тоа го спомна и господинот Николов, Агенцијата за пошти која што ни еден од предложените членови немаше никаква врска со Поштата, таков екстрем да има ликовен уметник, да можеме да претпоставуваме што ќе се случи и со оваа Агенција.

Затоа, овој амандман од колегите Ќуркчиев и Серафимов не ја одзема мнозинската одлука на претставниците на Владата, туку прави еден коректен баланс двајца луѓе да бидат претставници на фелата, да бидат претставници од Универзитетот кој ќе внесат една поголема доза на стручност, законитост, а Владата, се разбира, ќе си се бори за наводната ефикасност.

Од друга страна оваа Агенција ако има рок да се формира треба согласно забелешките, правилата на спроведување до 15 мај да ги дефинира правилата за спроведување на мета податоците кои се исклучително важни во оваа област. Јас знам дека самонаречениот министер за инфорамтичко општество има некои свои фикс идеи ова како да го направи за еден месец. Сакам д аму пренесете дека оваа работа не бива за еден месец, ниту ќе се заврши до 15 мај. Останува тоа како ќе го реализирате, ќе му направите дополнителен товар на Агенцијата, посебно ако таа не е ни стручна, ниту професионално ориентирана, ниту има искуства

во оваа област. Мислам дека има преголемо исксутво акумулирано во комората на приватните геодети  кои што долги години биле дел од овој систем со процесот на трансформација на оваа област се формирале како независен субјект кој што има интерес оваа работа побрзо и поефикасно да се води, а од друга страна нотарите имаат природно свој интерес целио товој процес да го извлечат од владините долги мрежи и процедури и тука со своето искуство да придонесат илипак Централниот регистер кој што по својата функција и Заводот за статистика по својата функција и природа на работата ги поседува овие податоци до сга или има искуство во оваа област.

Затоа, амандманот е и логичен, амандманот оди и во прилог на принципите на работа дефинирани од членот 7 и не мислам дека Агенција што ќе се формира за катастар на недвижности, кој што реков ќе има исклучително влијание на економскиот развој на Република Македонија, треба да е направена и таа затворена вокругови, затворени во владини институции и предлози, посебно нагласувајки дека не постои или јас во овие два члена кои се наведени не гледам дека има директива која ќе не обврзе на вакво нешто. Мислам дека два члена кои што се поврзани во кореспондентната табела се премалку, за да во 220 члена кои се понудени овде како закон бидат доволни за да може да го ставиме европското знаменце и потоа да бараме ова да оди брзо или да се изведува односно да се заврши целата расправа многу брзо.

Затоа, очекувам овој амандман да биде прифатен, бидејќи е во функција на принципите и духот на законот дефинирани на Агенцијата и нејзината работа во членот 7, а реков дека нема да го смени балансот, нема да го смени мнозинскиот пакет што доаѓа од страна на Владата, туку напротив ќе направи еден квалитетен баланс, обезбедувајки стручност, транспарентност и поголема непристрасност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам сите пратеници кои се надвор од салата да влезат во салата.

Ги повикувам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки во салата имаме доволен број на пратеници, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласааа 60 праеници, од нив 11 гласаа за, воздржано 1, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Тука, почитувани дами и господа пратеници ја прекинувам денешната седница.

За продолжението утре ќе бидете известени преку СМС пораки. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,20 часот)